Dr.12.12.75
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 26 ноември 1975
Скопје
Број 42 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 6 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**450.**

Врз основа на член 343, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 10. XI. 1975 година, донесе

## ДЕЛОВНИК
## НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилата за организација и работа на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Соборот) и на неговите работни тела се уредуваат со овој деловник и со Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собранието).

Начинот на работа на Соборот и на неговите работни тела по одделни прашања, кој не е уреден со Деловникот на Собранието или со овој деловник, Соборот и неговите работни тела го уредуваат со заклучок при претресувањето на тие прашања.

Член 2

Работите од надлежноста на Собранието Соборот ги врши самостојно, рамноправно со другите собори или на заедничка седница на сите собори.

Во согласност со Деловникот на Собранието и со овој деловник Соборот одлучува рамноправно со Соборот на општините, со Општествено-политичкиот собор и со собранијата на самоуправните интересни заедници.

Член 3

Работите од својот делокруг Соборот ги врши на свои седници.

Член 4

Соборот и неговите работни тела, во извршувањето на нивните задачи, соработуваат со другите собори на Собранието и нивните работни тела, со работните тела на Собранието, со собранијата на самоуправните интересни заедници, со општественополитичките организации, со собранијата на општините и на други општествено-политички заедници, со организациите на здружениот труд и со другите самоуправни организации и заедници.

Член 5

Соборот го претставува претседателот на Соборот.

### II. ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ

#### 1. Верификација на мандатот на делегатите

Член 6

По извршените општи избори верификацијата на мандатот на новоизбраните делегати во Соборот ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија за резултатите од изборите, а по предлог од Верификационата комисија што ја избира Соборот на својата прва седница.

Првата седница на Соборот ја свикува претседателот на Собранието. На оваа седница, до изборот на претседател на Соборот, претседава најстариот делегат по години.

Член 7

Верификационата комисија се состои од претседател и четири членови.

Член 8

Верификационата комисија го разгледува извештајот и другите изборни акти на Републичката изборна комисија, како и евентуално примените жалби на изборот на одделни делегати, ја испитува правилноста на изборот и на Соборот му поднесува свој извештај со предлог.

Извештајот на Комисијата им се доставува на сите делегати во Соборот, најдоцна пред почетокот на седницата, на која ќе се изврши верификација на мандатите на делегатите на Соборот.

Член 9

Соборот го претресува извештајот на Верификационата комисија во целина.

По извршениот претрес, гласањето, односно одлучувањето по извештајот и предлогот, се врши во целина, ако нема оспорени мандати за одделни делегати од страна на Верификационата комисија.

Ако Верификационата комисија ја оспори исправноста на издаденото уверение за изборот на одделен делегат и предложи верификацијата на мандатот да се одложи, за секој таков предлог Соборот гласа одделно.

Член 10

Соборот може да го одложи донесувањето на одлука за верификација на одделен мандат и да заклучи претходно да се испита правилноста на спроведените избори. Одлагањето на донесувањето одлука за верификација на одделни мандати не може да биде подолго од два месеца.

За верификацијата на мандатот од претходниот став, Соборот ќе одлучи по поднесениот извештај од Републичката изборна комисија, ако не се работи за потреба од распишување на повторен избор за делегатот на кого му е одложена верификацијата на мандатот.

Член 11

Делегат, чиј мандат е оспорен или одлуката за верификација на неговиот мандат е одложена, има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата на тие седници, без право на одлучување.

Член 12

По донесувањето на одлуката на Соборот за верификација на мандатот, претседавачот на седницата на Соборот ги повикува делегатите на кои мандатот им е верифициран да дадат свечена изјава.

Текстот на свечената изјава, што е утврден со Деловникот на Собранието, го чита претседавачот.

По читањето, делегатите во Соборот го потпишуваат текстот на свечената изјава и му го предаваат на секретарот на Соборот.

Член 13

Делегатот во Соборот на кого мандатот му е верифициран, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, нејзиниот текст ќе го потпише пред претседателот на Соборот, кој за тоа го известува Соборот на првата наредна седница.

Член 14

Верификацијата на мандатите на делегатите во Соборот, избрани на повторните или дополнителните избори, ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија и по предлог на Мандатно-имунитетната комисија, во согласност со одредбите на овој деловник за верификација на мандатите.

Член 15

Со верификацијата на мандатот делегатите во Соборот имаат права и должности на делегати во Собранието, утврдени со Уставот и Деловникот на Собранието.

**2. Престанок на мандатот на делегатите**

Член 16

На делегатот му престанува мандатот во случаите утврдени со Уставот и со закон, во постапката утврдена со Деловникот на Собранието.

Член 17

Претседателот на Соборот откако ја прими оставката на делегатот што му ја доставил претседателот на Собранието, ја упатува неа до Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Мандатно-имунитетната комисија за примената оставка ја известува делегацијата чиј член е тој.

За поднесената оставка претседателот на Соборот го известува Соборот на првата наредна седница.

Соборот ја разгледува оставката и извештајот на Мандатно-имунитетната комисија и оставката ја уважува со одлука.

Со денот на уважувањето на оставката на делегатот му престанува мандатот.

Член 18

За секој случај што повлекува престанок на мандатот, освен оставка, Мандатно-имунитетната комисија го известува Соборот, а Соборот констатира дека на делегатот му престанал мандатот и го утврдува денот на престанокот на мандатот.

Член 19

За секој престанок на мандатот на делегатот, претседателот на Соборот го известува претседателот на Собранието.

III. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

**1. Самостоен делокруг**

Член 20

Соборот претресува прашања од интерес за работните луѓе и за организациите на здружениот труд во областа на стопанството; прашања од областа на распределбата на доходот и на личните доходи како и други прашања од областа на стопанството и финансиите; донесува закони и други акти во тие области и дава автентични толкувања на законите што ги донесува; основа организации на здружениот труд; претресува и одлучува по други прашања од надлежност на Собранието што не се ставени во рамноправен делокруг со друг собор или со собранијата на самоуправните интересни заедници односно што не се во нивни самостоен делокруг.

Член 21

Соборот дава согласност на сојузните закони со кои се уредуваат односите во областите на: монетарниот систем и емисиите на пари; девизниот систем, надворешно-трговскиот промет, кредитните и другите економски односи со странство; формирањето на паричните и девизните резерви и располагањето со нив, кога е тоа од интерес за целата земја; царинската и вонцаринската заштита; општествената контрола на цените на производите и услугите; утврдувањето на приходите на општествено-политичките заедници што се остваруваат со оданочување на производите и услугите во прометот; утврдувањето на мерките за ограничување на пазарот и слободата на прометот на стоки и услуги и мерките што се основа за компензација и начинот на формирање на компензацијата; здружувањето на организациите на здружениот труд што вршат стопанска дејност и нивното здружување во стопанска комора за целата територија на СФРЈ и задолжително здружување на организациите на здружениот труд во заедници.

Член 22

Соборот:

— врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните права на делегатите во Соборот;

— избира претседател и потпретседател на Соборот;

— формира работни тела на Соборот и избира претседатели и членови на тие тела;

— донесува програма за работа;

— донесува деловник;

— именува секретар на Соборот.

**2. Рамноправно одлучување со другите собори**

Член 23

Соборот, со Општествено-политичкиот собор и Соборот на општините, рамноправно:

1) донесува:

— републички општествен план;

— републички буџет;

— завршна сметка за извршување на буџетот;

2) претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на:

— народната одбрана и општествената самозаштита;

— надворешната политика;

— менувањето на границите на Републиката;

— системот на финансирање на општините и на Републиката;

— побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта;

— регионалниот развој на Републиката;

— празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;

— референдумот;

— изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите и изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници;

3) дава согласност:

— на општествениот план на Југославија;

— на сојузните закони со кои се уредуваат односите во областите на: кредитирањето побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и на системот на изворите на средства за финансирање на федерацијата, за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за секоја година;

— за основање на фондови и преземање на обврски од страна на федерацијата.

Член 24

Соборот со Општествено-политичкиот собор рамноправно:

— претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на системот на социјалистичките самоуправни односи; општествено-политичкиот систем; слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот; заштитата на поредокот утврден со Уставот и јавната безбедност; правосудството; привремените мерки спрема организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, сопственичко-правните и другите имотноправни односи; боречката заштита; безбедноста на патниот, же-

лезничкиот и езерскиот сообраќај; заштитата од пожари и од елементарни непогоди и игрите на среќа;

— презема привремени мерки спрема организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници;

— ги остварува правата на Собранието во поглед на одговорноста на Извршниот совет и на функционерите што ги избира или именува Собранието и ги укинува или поништува прописите и другите акти на Извршниот совет што се во спротивност со Уставот или со законите;

— врши општествен надзор;

— ги потврдува самоуправните спогодби односно статутите на самоуправните интересни заедници, како и статутите и другите општи акти на организациите на здружениот труд кога е тоа определено со закон;

— основа републички органи на управата и републички организации;

— донесува односно одобрува финансиски планови и завршни сметки на републичките фондови определени со закон;

— именува и разрешува членови на органите на управување на организациите на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници определени со закон или со друг акт на Собранието;

— одлучува за надоместоците на функционерите што ги избира односно именува Собранието;

— донесува одлука за организацијата и делокругот на стручните служби на Собранието.

Член 25

Соборот со Соборот на општините рамноправно:

— претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите во областа на просторното и урбанистичкото планирање; урбанистичкото уредување на населбите; доделувањето, уредувањето и употребата на градежното земјиште; уредувањето и користењето на земјиштето и добрата во општа употреба; функционирањето и управувањето на комуналните организации на здружениот труд; станбената изградба, нејзиното финансирање и управување (стопанисување) со станбените згради и становите во општествена сопственост и заштитата на природата и човековата околина;

— одлучува за распишување на јавни заеми;

— претресува и други прашања што работните луѓе и граѓаните самостојно ги уредуваат во општината и во месната заедница.

### 3. Рамноправно одлучување со собранијата на самоуправните интересни заедници

Член 26

Соборот на здружениот труд и собранијата на самоуправните интересни заедници во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, рамноправно претресуваат прашања, донесуваат закони и други општи акти и даваат автентични толкувања на законите во областа за кои се формирани тие заедници.

### 4. Други прашања од делокруг на Соборот

Член 27

Соборот, во рамките на својот делокруг, дава согласност за ратификување на меѓународни договори што налагаат донесување на нови или измена на важечките републички закони, или од кои произлегуваат посебни обврски на Социјалистичка Република Македонија, како и за сојузните закони со кои се уредува постапката за склучување на такви договори.

Член 28

Соборот, во рамките на својот делокруг дава согласност за склучување на договори меѓу републиките и автономните покраини и дава овластување за потпишување на тие договори.

## IV. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Член 29

Работата на Соборот се одвива според основната програма за работа на Собранието и според програмата и плановите за работа на Соборот.

Соборот, самостојно ја донесува програмата и плановите за својата работа.

Програмата за работа се донесува за период од една година.

Плановите за работа се донесуваат, по правило, за три месеци, а можат да се донесуваат и за пократок период.

Член 30

Основа за изработка на програмата за работа на Соборот се работите што со Уставот се определени во делокруг на Соборот и задачите што произлегуваат од:

— Уставот, општествените планови и утврдената политика на општествено-економскиот развој на земјата;

— состојбите во општествените области во Републиката;

— програмите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— задачите што произлегуваат од документите на Сојузот на комунистите на Југославија и Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија.

Член 31

Програмата за работа на Соборот содржи:

— задачи што произлегуваат од основната програма за работа на Собранието;

— движења и состојби во одделни области од делокруг на Соборот;

— закони и други општи акти со образложение за потребата од нивното донесување и со приказ на основните содржини на тие акти;

— прашања, задачи и работи кои се однесуваат на утврдување и спроведување на политиката во областите од делокругот на Соборот;

— телата односно органите одговорни за организирање, примена и извршување на одделни задачи и работи односно носители на предлозите и работите околу подготвувањето;

— начин и облици на соработка, во поглед на консултирањето и прибирањето на мислења од заинтересираните органи и организации во Републиката;

— рокови во кои одделни работи треба да се довршат односно извршат;

— прашања кои пред конечното одлучување ќе бидат упатени на јавна дискусија или референдум;

— задачи и работи што произлегуваат од програмите за работа на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за прашањата за кои се одлучува врз основа на согласност на Собранието;

— одделни прашања од програмата за работа на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ кои се однесуваат на побитни односи за кои ќе расправа Соборот;

— други прашања од делокруг на Соборот.

Член 32

Предлози за внесување на одделни прашања во програмата и плановите за работа на Соборот можат да поднесуваат:

— делегациите, делегатите и работните тела на Собранието и на Соборот;

— организациите на здружениот труд по гранки, групации и дејности организирани во репродукциони системи односно во Стопанската комора на Македонија, месните заедници и Републичкиот одбор на месните заедници, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации во општините и другите општествени организации и здруженија;

— Извршниот совет и републичките органи на управата;

— собранијата на општините и Заедницата на општините и градовите на Македонија;

— Сојузот на комунистите на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија;

— Претседателството на Социјалистичка Република Македонија;

— Советот на Републиката;

— Уставниот суд на Македонија;

— Врховниот суд на Македонија, Стопанскиот суд на Македонија и Републичкиот суд на здружениот труд.

Член 33

При изработката и утврдувањето на програмата и плановите за работа Соборот соработува со другите собори на Собранието, собранијата на самоуправните интересни заедници, со Извршниот совет на Собранието како и со органите и организациите од член 32 на овој деловник.

Член 34

Врз основа на иницијативите и предлозите претседателот на Соборот со претседателите на работните тела на Соборот, изготвува нацрт на програма за работа на Соборот и му го поднесува на Соборот на разгледување.

Нацртот на програма се објавува во гласилото на Собранието.

Член 35

Нацртот на програма за работа го разгледуваат работните тела на Соборот.

Соборот го претресува нацртот на програмата за работа заедно со примените мислења и предлози.

Член 36

Врз основа на усвоениот нацрт на програма за работа претседателот на Соборот со претседателите на работните тела на Соборот изготвува предлог на програма за работа.

Предлогот на програма за работа им се доставува на делегатите во Соборот и на органите и организациите од член 32 на овој деловник.

Член 37

Предлогот на програма за работа на Соборот го разгледуваат работните тела на Соборот.

Работните тела на Соборот ги разгледуваат и мислењата и предлозите што не се внесени во предлогот на програма за работа на Соборот и по нив на Соборот му даваат свои мислења и предлози.

Член 38

При претресувањето на предлогот на програма за работа на Соборот, Соборот ги разгледува мислењата и предлозите на работните тела на Соборот.

Програмата за работа на Соборот се објавува во посебна публикација во издание на Библиотеката на Собранието.

Член 39

Работните тела на Соборот ги утврдуваат своите планови за работа врз основа на програмата и плановите за работа на Соборот.

## V. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ

Член 40

Соборот има претседател и потпретседател кои се избираат од редот на делегатите во Соборот за време од четири години.

Член 41

Претседателот на Соборот:

— ги подготвува и свикува седниците на Соборот и претседава на седниците;

— се грижи за организирање работата на Соборот;

— ја усогласува работата на работните тела на Соборот;

— ја следи работата на работните тела на Соборот и со претседателите на телата се договара за прашањата во врска со работата на работните тела и на Соборот;

— предлага разгледување на прашања од делокруг на Соборот на седниците на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за извршување на заклучоците на Соборот и за тоа го известува Соборот;

— се грижи за усогласување работата на Соборот со работата на другите собори на Собранието и собранијата на самоуправните интересни заедници и со нивните претседатели се договара за начинот и роковите за разгледување на одделни прашања, а посебно за претресување на прашања за кои Соборот одлучува во рамноправен делокруг;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со Извршниот совет, републичките органи на управа и републичките организации;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со организациите на здружениот труд, со другите самоуправни организации и заедници, со нивните здруженија и со Стопанската комора на Македонија, со самоуправните интересни заедници, со соборите на здружениот труд на собранијата на општините и со општествено-политичките и општествените организации и здруженија, како и со други заинтересирани органи и организации;

— се грижи за примена на одредбите на овој деловник и на Деловникот на Собранието;

— се грижи за остварување правата на делегатите во Собранието;

— се грижи за спроведување начелото на јавност во работата на Соборот и неговите работни тела;

— ги потпишува актите што ги донесува Соборот самостојно и ги сопотпишува сите други акти во чие донесување учествува Соборот, освен указите за прогласување на законите;

— врши други работи утврдени со овој деловник и со Деловникот на Собранието, како и работи што ќе му ги довери Соборот.

Член 42

Претседателот на Соборот, во случај на негова отсутност или спреченост, го заменува потпретседателот на Соборот.

Член 43

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето на седниците на Соборот, го организира вршењето на стручните и административно-техничките работи за потребите на Соборот и неговите работни тела и врши други работи што ќе му ги довери Соборот или претседателот на Соборот.

Член 44

За својата работа и работата на службата на Соборот секретарот на Соборот му одговара на Соборот.

## VI. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБОРОТ

### 1. Заеднички одредби

Член 45

Соборот формира одбори и комисии и други постојани и повремени работни тела (работни тела) за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти и предлози на закони и други акти за проучување и претресување на други прашања, за подготвување и предлагање на акти и други мерки од делокругот на Соборот.

Член 46

Постојани работни тела се формираат со овој деловник, а можат да се формираат и со посебна одлука на Соборот.

Повремените работни тела се формираат со посебна одлука на Соборот.

Со одлуката за формирање на работните тела се определува делокругот, овластувањата и составот.

Член 47

Претседателот и членовите на постојаните работни тела на Соборот се избираат од редот на делегатите во Соборот.

Заради проучување на определено прашање што не спаѓа во делокруг на некое од работните тела на Соборот, како и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба, Соборот може да формира повремени работни тела.

Повременото работно тело престанува да постои по извршувањето на задачата за која било формирано или кога за тоа ќе одлучи Соборот.

Член 48

Работните тела, во рамките на својот делокруг, можат на Соборот да му предлагаат укинување или поништување на прописи и други акти на Извршниот совет што се во спротивност со Уставот, закон, друг пропис или општ акт на Собранието.

Член 49

Прашањата од својот делокруг работните тела ги разгледуваат по сопствена иницијатива, а се должни да разгледаат секое прашање од својот делокруг за кое ќе заклучи Соборот или тоа ќе го побара претседателот на Собранието или претседателот на Соборот.

Член 50

Работните тела заклучуваат кои од прашањата што ги разгледувале по сопствена иницијатива ќе ги предложат за дневен ред на седницата на Соборот.

Ако работното тело заклучи одредено прашање да се разгледа на седница на Соборот, на претседателот на Соборот му се доставува материјал со извештај по тоа прашање.

Член 51

Работните тела на Соборот во рамките на својот делокруг можат да вршат анкети и за таа цел од државните органи и од организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници можат да бараат потребни податоци, списи и други исправи.

Член 52

Претседателот на работното тело, по правило, поканата за седницата со предлогот на дневен ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата им ги доставува на членовите на работното тело најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата.

По исклучок од претходниот став, претседателот може да свика седница во пократок рок од десет дена, а дневниот ред за таквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 53

Претседателот на работното тело во рокот од претходниот член за свиканата седница ги известува претседателот на Соборот, Извршниот совет и претставникот на предлагачот на одделни прашања и предлози што работното тело ќе ги претресува.

Член 54

Записниците и извештаите од седниците на работното тело ги потпишува претседателот на работното тело.

Член 55

Иницијатива за внесување на одделни прашања во дневен ред на седницата на работното тело можат да дадат работните тела на Собранието на Соборот и на другите собори, републичките органи на управата и републичките организации, општествено-политичките организации и други организации.

Член 56

За прашањата по кои претресот завршува во работното тело, претресот може да заврши со прост премин на дневен ред или со донесување на заклучок.

Член 57

Работното тело може да му предложи на Соборот да го одложи претресувањето на одделни прашање што го разгледувало телото.

**2. Постојани работни тела**

Член 58

Соборот ги има следните одбори:

1. Одбор за општествено-економски односи и развој;
2. Одбор за општествено-политички систем, внатрешна политика и народна одбрана;
3. Одбор за индустрија, рударство, градежништво, сообраќај и занаетчиство;
4. Одбор за земјоделство и шумарство;
5. Одбор за услужни дејности;
6. Одбор за станбено-комунални прашања и урбанизам;
7. Одбор за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и прашањата на вработувањето;
8. Одбор за образование, наука и култура;
9. Одбор за здравство и социјална политика.

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Член 59

Одборот за општествено-економски односи и развој ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— системот на општествено планирање, системот на општествена репродукција и распределбата на општествениот производ, кредитно-монетарниот и даночниот систем;

— предлозите на општествени планови, буџетот и завршната сметка;

— финансиските планови и завршните сметки за извршување на републичките фондови определени со закон;

— системот на финансирање на општините и на Републиката;

— побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, регионалниот развој на Републиката;

— кредитната и даночната политика и давачките во вид на даноци и такси;

— издвојувањата на дел од доходот за заеднички и општествени потреби;

— општественото книговодство, евиденцијата и статистиката;

— сопственичко-правните односи и другите имотноправни односи;

— распишувањето на јавни заеми;

— други прашања од областа на општествено-економските односи и развојот.

Член 60

Одборот за општествено-политички систем, внатрешна политика и народна одбрана ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— општествено-политичкиот систем;

— слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот;

— заштитата на поредокот утврден со Уставот и јавната безбедност, народната одбрана, општествената самозаштита и правосудството;

— менувањето на границите на Републиката;

— безбедноста на патниот, железничкиот и езерскиот сообраќај;

— заштитата од пожари и од елементарни непогоди;

— игрите на среќа;

— празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;

— изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации

и заедници, изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите;

— референдумот;

— основањето на републички органи на управата и републички организации;

— други прашања од областа на општествено-политичкиот систем, внатрешната политика и народната одбрана.

Член 61

Одборот за индустрија, рударство, градежништво, сообраќај и занаетчиство ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— развојот на енергетиката, условите за работа, состојбите и проблемите во електростопанството;

— развојот, условите за работа, состојбите и проблемите на црната и обоената металургија, неметалите, електроиндустријата, металната, хемиската, градежната, дрвната, текстилната, прехранбената, тутунската, графичката и филмската индустрија, индустријата за хартија, кожа и гума;

— развојот, условите за работа, состојбите и проблемите на:

— рударството и рударските истражувања;

— градежништвото;

— патиштата;

— патниот, железничкиот, езерскиот, воздушниот и ПТТ сообраќајот;

— општественото и самостојното занаетчиство;

— изградбата на инвестициони објекти, реконструкција, модернизација, унапредување на процесите на производството, иновациите и користењето на инсталираните капацитети на индустријата, рударството, градежништвото, сообраќајот и занаетчиството;

— интеграционите процеси и други облици на здружувањето, и

— други прашања од областа на индустријата, рударството, градежништвото, сообраќајот и занаетчиството.

Член 62

Одборот за земјоделство и шумарство ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— земјиштето, шумите, шумското земјиште, пасиштата, водите, водотеците и други добра од општ интерес;

— условите за работа, состојбата и проблемите на земјоделството, шумарството, водостопанството и сточарството;

— инвестиционата изградба и модернизацијата, унапредувањето на производните процеси и користењето на земјоделското земјиште, шумите, шумското земјиште, пасиштата, водата и другите природни богатства;

— заштитата, осигурувањето и чувањето на земјиштето, шумите, шумското земјиште, пасиштата, растенијата и животните;

— арондацијата, мелиорациите и заштитата на земјиштето од ерозија и порои;

— интеграционите процеси, задругарството, кооперирањето и други облици на здружување на индивидуалните земјоделци;

— поврзувањето на производните со прометните организации;

— други прашања од областа на земјоделството и шумарството.

Член 63

Одборот за услужни дејности ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— организациите на здружениот труд во областа на трговијата, на угостителството и туризмот и услужното занаетчиство;

— интеграционите процеси и поврзувањето на прометните организации со производните во овие области;

— надворешно-трговската размена;

— унапредувањето на прометот и на туристичките и угостителските услуги;

— снабденоста на пазарот;

— политиката на цените и на тарифите;

— функционирањето на заедничкиот југословенски пазар;

— и други прашања од областа на услужните дејности.

Член 64

Одборот за станбено-комунални прашања и урбанизам ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— просторното и урбанистичкото планирање;

— урбанистичкото уредување на населбите;

— доделувањето, уредувањето и употребата на градежното земјиште;

— уредувањето и користењето на земјиштето и добрата во општа употреба;

— функционирањето и управувањето на комуналните организации на здружениот труд и комунално-услужните дејности;

— станбените односи;

— станбената изградба, нејзиното финансирање и управувањето (стопанисувањето) со станбените згради и становите во општествена сопственост и деловниот простор;

— заштитата и унапредувањето на човековата околина;

— други прашања од станбено-комуналната област и урбанизмот.

Член 65

Одборот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и прашањата на вработувањето ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— распределбата на доходот и личните доходи;

— меѓусебните односи на работниците во здружениот труд;

— заштитата при работа;

— системот на самоуправните односи;

— привремените мерки спрема организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организациии и заедници;

— вработувањето во земјата и во странство;

— материјалното обезбедување за време на привремена безработност;

— други прашања од областа на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и вработеноста.

Член 66

Одборот за образование, наука и култура ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— системот, развојот и организацијата на воспитувањето и образованието (претшколско, основно, средно и високо);

— стручните називи и академските титули;

— научно-истражувачката работа во практиката и поврзувањето на науката со стопанството и со другите области на општествениот труд;

— културните дејности;

— физичката и техничката култура;

— печатот, радиодифузијата и другите средства за јавно информирање;

— други прашања од областа на образованието, науката и културата.

Член 67

Одборот за здравство и социјална политика ги разгледува, проучува и претресува прашањата кои се однесуваат на:

— здравствената заштита и здравственото осигурување;

— системот и организацијата на здравството и здравственото осигурување;

— обезбедувањето на основните права од социјалната заштита;

— системот и организацијата на социјалната и детската заштита;

— посебната заштита на борците и воените инвалиди;

— системот на пензиско и инвалидско осигурување;

— други прашања од обласна на здравството и социјалната политика.

Член 68

Мандатно-имунитетната комисија: ги испитува и разгледува уверенијата за изборот на делегатите и извештајот на Републичката изборна комисија за резултатите на повторните и дополнителните избори и му поднесува на Соборот извештај со предлог за верификација на мандатите; расправа за основите за престанок на мандатот на одделни делегати во Соборот и за тоа му поднесува на Соборот извештај; ги претресува сите други прашања во врска со мандатно-имунитетните права на делегатите во согласност со Деловникот на Собранието и овој деловник.

## VII. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

### 1. Подготвување и свикување на седниците

Член 69

Соборот работи и прашањата од својот делокруг ги претресува на седници.

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница на Соборот по предлог од претседателот на Собранието, по барање на работно тело на Соборот или по барање од десет членови на Соборот и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седница на Соборот можат да свикаат десет делегати во Соборот или претседателот на Собранието.

Свикување на седница на Соборот може да предложи Извршниот совет на која ќе го изложи својот став по определено прашање.

Член 70

Предлогот на дневен ред за седница на Соборот го подготвува претседателот на Соборот, во договор со претседателите на работните тела. Секој член на Соборот, работните тела на Соборот и Извршниот совет можат на Соборот да му предлагаат одделно прашање да се внесе во предлогот на дневен ред за седницата на Соборот.

Предлогот за внесување на одделно прашање во дневен ред пред седницата на Соборот се поднесува писмено, а на седницата на Соборот може и усно.

Член 71

Иницијатива за ставање на одделно прашање на дневен ред на седницата на Соборот може да потекне од делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, републичките органи на управата, собранијата на општините, општествено-политичките организации, работните и други самоуправни организации и заедници и здруженија.

Член 72

Поканата за седницата на Соборот им се доставува на сите делегати во Соборот најдоцна дваесет дена пред денот определен за одржување на седницата. Со поканата се доставува и предлогот на дневен ред.

По исклучок, претседателот на Соборот може да свика седница и во пократок рок од дваесет дена, а дневниот ред за ваква седница може да го предложи и на самата седница.

Ако Соборот на седница го утврди денот на одржувањето на наредната седница, рокот и начинот на доставувањето на поканата се утврдува на таа седница.

Член 73

Материјалите по прашањата што се предлагаат за дневен ред за седницата на Соборот се доставуваат на делегатите во Соборот најдоцна триесет дена пред денот на одржувањето на седницата на Соборот.

Член 74

Поканата за седница на Соборот со предлогот на дневниот ред и материјалите за седницата на Соборот им се доставуваат на Извршниот совет и на другите заинтересирани органи и организации.

Член 75

Прашањата што се претресуваат на седници на Соборот, претходно се претресуваат на седници на работните тела на Соборот односно на Собранието.

### 2. Отворање на седницата и утврдување на дневниот ред

Член 76

По отворањето на седницата претседателот на Соборот проверува дали има потребно мнозинство на делегати за одржување на седницата.

Претседателот на Соборот води сметка за потребното мнозинство и во текот на седницата.

Делегатот на Соборот во текот на седницата може да побара да се утврди дали постои мнозинство за одржување на седницата.

Ако претседателот утврди дека не постои потребно мнозинство седницата се прекинува односно се одлага.

Член 77

По отворањето на седницата се утврдува дали има забелешки на записникот од претходната седница.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако нема забелешки записникот се усвојува.

Ако има забелешки и тие се прифатени записникот се усвојува заедно со ставените забелешки.

Член 78

Откако ќе ја отвори седницата на Соборот, претседателот ги дава потребните објаснувања во врска со работата на седницата и со други претходни прашања.

Претседателот го известува Соборот и за тоа кој е повикан на седницата на Соборот и кои делегати го известиле дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Член 79

Пред преминувањето на дневниот ред, делегатите во Соборот можат да поставуваат делегатски прашања и да бараат објаснувања и известувања согласно со одредбите на Деловникот на Собранието.

Прашањето на делегатот на кое не е даден одговор на седницата се упатува до Извршниот совет односно функционерот што раководи со републичкиот орган на управата.

Соборот може да определи и друго време на седницата за поставување на прашања од делегатите и за барање објаснувања и известувања.

Член 80

Соборот го утврдува дневниот ред во почетокот на седницата по предлог од претседателот на Соборот.

Во предлогот на дневен ред на седницата, по правило, претседателот на Соборот ги внесува прашањата што до денот на свикувањето на седницата му ги поднеле делегатите, функционерите или органите, кои според Уставот, Деловникот на Собранието и овој деловник се овластени да предлагаат определено прашање да се стави на дневен ред на седницата на Соборот.

Ако во предлогот на дневниот ред претседателот не го внел прашањето што го предложил овластен предлагач или орган, претседателот е должен на седницата да ги изнесе причините поради кои тоа не го сторил. Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 81

Работно тело на Соборот, делегат во Соборот и Извршниот совет можат и на седницата на Соборот да предложат да се стави на дневен ред определено прашање кое не трпи одлагање.

Подносителот на предлогот е должен на седницата на Соборот да ја образложи итноста на предлогот и да ги изнесе причините поради кои се бара тоа прашање да се внесе во дневниот ред на самата седница.

За оправданоста на внесувањето на предложеното прашање во дневниот ред на седницата одлучува Соборот без претрес.

**3. Претседавање на седницата и учество во работата**

Член 82

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Во случај на отсутност или спреченост го заменува потпретседателот.

Ако е спречен и потпретседателот, седницата ја отвора најстариот делегат во Соборот, потоа се избира делегат што ќе претседава на седницата.

Член 83

Право и должност да учествуваат во работата на седницата имаат сите делегати во Соборот.

На седницата на Соборот можат да учествуваат, без право на одлучување: делегатите во другите собори на Собранието, членовите на делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, делегатите во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, членовите на Претседателството на Републиката, членовите на Советот на Републиката, членовите на Извршниот совет и претставници на Извршниот совет, функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации, претставници на собранијата на општините, на општествено-политичките организации, на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, научни и други јавни и политички работници што се поканети на седницата да ги изнесат своите мислења по определени прашања.

Член 84

Во претресот по определено прашање на седницата на Соборот имаат право да учествуваат делегатите во друг собор, што ќе ги определи тој собор, и како негови претставници да го изнесат и образложат мислењето што го поднел другиот собор.

**4. Тек на седницата**

Член 85

По утврдувањето на дневниот ред, се преминува на претрес на одделни прашања, по правило, според радоследот на усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање од дневниот ред пред да се одлучува по него, освен во оние случаи кога со деловникот е определено да се одлучува без претрес.

Член 86

Претресот по секое прашање, по правило, започнува со изложување од предлагачот, а потоа може да земе збор известителот на работното тело.

Потоа збор добиваат делегатите и другите учесници што се пријавиле за збор.

Претрес се води сè додека има пријавени говорници.

Претресот го заклучува претседателот кога ќе утврди дека веќе нема пријавени говорници.

Член 87

Претседателот на Соборот може во текот на седницата да ја прекине работата на Соборот и да го одреди времето кога ќе се продолжи со работата.

Претседателот ја прекинува работата на Соборот поради: немање на мнозинство, изминатото време, одмор на делегатите, потребата во меѓувреме од прекинот до продолжението на седницата да се извршат потребните консултации и да се соберат потребните мислења, како и во други случаи кога тоа Соборот ќе го заклучи.

Член 88

Соборот, во текот на претресот или по завршувањето на претресот, предлогот односно прашањето што се претресува може да го одложи и да го упати на работно тело на Собранието и на Соборот на разгледување.

Член 89

Извршниот совет и друг предлагач на закон можат, до завршувањето на претресот, да предложат Соборот да го одложи претресот на предлогот на закон.

**5. Говори**

Член 90

Пријавите за збор се поднесуваат писмено или усно штом ќе се отвори претресот, а можат да се поднесуваат и до завршувањето на претресот.

Никој не може да зборува на седница пред да добие збор од претседателот на Соборот.

Член 91

Претседателот на Соборот им дава збор на пријавените говорници според редот на пријавувањето за збор.

Делегатот во Соборот кој сака да зборува за повреда на деловникот или за повреда на дневниот ред, добива збор штом ќе побара, а неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Во случај од претходниот став претседателот е должен да даде објаснување за повредата на деловникот, односно утврдениот дневен ред. Ако делегатот во Соборот не биде задоволен од даденото објаснение, за тоа прашање одлучува Соборот без претрес.

Член 92

Говорникот, по правило, говори од говорница.

Член 93

Претседателот се грижи говорникот да не биде прекинуван во својот говор и само тој може да го опомене или да го прекине во говорот.

Член 94

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот ќе го повика да се придржува за прашањето од дневниот ред.

Ако говорникот и по предупредувањето не се придржува за прашањето од дневниот ред, претседателот ќе му го одземе зборот.

Член 95

Пријавениот говорник може да се откаже од говорот.

Говорникот што ќе се откаже од говорот може да го приложи говорот кон стенографските белешки.

**6. Одржување на редот**

Член 96

За повреда на редот на седницата можат да се изречат следните мерки: опомена и одземање на збор.

Мерките од претходниот став ги изрекува претседателот на Соборот.

Член 97

Опомена ќе му се изрече на делегатот кој со своето поведение со земање на збор кога прет-

седателот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник, или со слична постапка го нарушува редот на седницата и одредбите на овој деловник.

Одземање на збор ќе се примени на делегат кој со својот говор на седницата го повредува редот, а на истата седница два пати е повикан да се придржува за редот и одредбите на деловникот.

Изречените мерки се внесуваат во записникот од седницата.

Член 98

Граѓанинот што го нарушува редот, претседателот ќе нареди да се отстрани од салата во која се одржува седницата. Ако редот е нарушен во поголема мерка, претседателот може да нареди да се отстранат сите граѓани од салата.

Член 99

Ако претседателот не може со редовни мерки да го одржи редот на седницата, ќе ја прекине седницата.

Член 100

Сите лица што по службена должност се наоѓаат во салата за време на седницата се должни да ги извршуваат налозите на претседателот во поглед на одржувањето на редот.

7. Одлучување

Член 101

Соборот одлучува на седници со гласање.

Член 102

Соборот одлучува откако ќе заврши претресот.

Член 103

За одлучување на седницата е потребно присуство на мнозинството делегати во Соборот.

Ако претседателот смета дека на седницата не присуствува доволен број делегати во Соборот, ќе нареди прозивање.

Прозивањето се врши и ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку пет делегати.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 104

Претресот по прашањето што е на дневен ред на седницата на Соборот може да заврши:

— со прост премин на дневен ред,
— со донесување на заклучок, или
— со донесување на акт.

Член 105

Ако по прашањето што се претресува се предлага Соборот да донесе декларација, резолуција, препорака или заклучок, а не е предложен текстот на декларацијата, резолуцијата, препораката односно заклучокот, Соборот може и пред претресот и во текот на претресот да одлучи да избере комисија, која врз основа на материјалот и претресот ќе му поднесе на Соборот предлог на декларација, резолуција, препорака односно заклучок.

Член 106

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството на присутните делегати, освен ако со уставот е предвидено одлука да се донесува со посебно мнозинство.

Секој делегат во Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас.

Образложението не може да трае подолго од пет минути.

Член 107

Гласањето, по правило, е јавно.

Со тајно гласање може да се врши избор, именување и разрешување од делокруг на Соборот, ако Соборот така одлучи.

Предлог за тајно гласање може да поднесе претседателот на Соборот и секој делегат чиј предлог го поддржуваат најмалку десет делегати.

Член 108

Тајното гласање се врши според посебните одредби за избори, именувања и разрешувања утврдени со овој деловник.

Член 109

Делегатите во Соборот гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за“ или „против“ предлогот, или се „воздржуваат“ од гласањето.

Член 110

Јавно гласање се врши со кревање на рака или поименично.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува делегатите да се изјаснат кој е „за“, а кој е „против“ предлогот, и дали некој „се воздржува“ од гласањето.

Член 111

Претседателот определува поименично гласање кога смета дека е тоа потребно заради точно утврдување на резултатот од гласањето или ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку десет делегати во Соборот.

Поименично гласање се врши со прозивање на делегатите во Соборот кои при прозивањето гласаат со изјаснување „за“ или „против“, или „се воздржуваат“ од гласањето.

Кога ќе заврши прозивањето повторно ќе се изврши прозивање на делегатите за кои во списокот не е одбележано дека гласале.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 112

По завршеното гласање претседателот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на тој резултат објавува дали предлогот е примен или одбиен.

8. Заклучување на седницата

Член 113

По исцрпувањето на дневниот ред претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

9. Записници и стенографски белешки

Член 114

За работата на седницата на Соборот се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, особено за предлозите изнесени на седницата и за заклучоците донесени на седницата, како и резултатите од гласањето по одделни прашања.

За составување на записникот и за чување на оригиналите на записниците се грижи секретарот на Соборот.

Член 115

Записникот им се испраќа на сите делегати по составувањето, а најдоцна петнаесет дена пред денот определен за одржување на наредната седница на Соборот.

Член 116

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на Соборот.

Член 117

На седницата на Соборот се водат стенографски белешки.

Составен дел на стенографските белешки се и неодржаните говори што на седницата во текот на претресот писмено се приложени со ознака дека говорот не е одржан на седницата.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на делегатите по нивно барање.

Секој делегат има право да побара во стенографските белешки да се извршат исправки во неговото излагање, но без внесување на битни измени во текстот и без изоставање на искажани мисли.

За остварувањето на ова право на делегатите се грижи секретарот на Соборот.

Ако се појави спор за основаноста на барањето да се изврши исправка во стенографските белешки, за барањето се одлучува на седницата без претрес.

Член 118

Стенографските белешки за работа на Соборот се чуваат во Библиотеката на Собранието и им се достапни на делегатите.

## VIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОРИ, ИМЕНУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

### 1. Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 119

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог на кандидатура може да поднесе и група од најмалку десет делегати во Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот пред почетокот на седницата на која ќе се избира нов претседател на Соборот.

Претставникот на подносителот на кандидатурата има право на седницата на Соборот да го образложи предлогот на кандидатурата.

Член 120

За претседател на Соборот е избран кандидатот кој добил мнозинство на гласовите од сите делегати во Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува за истите кандидати.

Пред повторното гласање предлагачите можат да ги повлечат своите поранешни предлози, а може да се поднесуваат и нови предлози.

Член 121

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по иста постапка како и изборот на претседател на Соборот.

### 2. Избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот

Член 122

Предлог за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог може да поднесе и група од десет делегати во Соборот.

Предлог за избор на претседател и членови на повремени работни тела може да поднесе и претседателот на Соборот.

Член 123

Предлозите се поднесуваат во вид на кандидатски листи.

Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што според одлуката на Соборот се избираат членови на одделно работно тело.

На седницата на Соборот за поднесените кандидатски листи се гласа во целина, по оној ред по кој тие се предложени.

Член 124

Претседателот и членовите на работното тело се избрани од онаа кандидатска листа што добила мнозинство на гласови на присутните делегати во Соборот.

Член 125

Изборот на одделен член на работното тело се врши по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

### 3. Именувања

Член 126

Предлози за именување на членови на органите на управување на организациите на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници определени со закон или со друг акт на Собранието, поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлозите од претходниот став се доставуваат преку претседателот на Собранието.

Член 127

Именувањето од претходниот член е извршено ако Општествено-политичкиот собор донел истоветна одлука за именување.

Член 128

Секретарот на Соборот го именува Соборот по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

### 4. Разрешување

Член 129

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на постапката за избори и именување сходно се применуваат и во постапката за разрешување.

### 5. Постапка за тајно гласање

Член 130

Со спроведувањето на изборите со тајно гласање раководи претседателот на Соборот на кого му помагаат секретарот на Соборот и двајца делегати што се избираат на седницата.

Член 131

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачкото ливче ги содржи имињата на сите предложени кандидати со реден број и по оној ред по кој предлозите се поднесени.

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, со иста боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печатот на Собранието.

Секој делегат во Соборот добива едно гласачко ливче.

Претседателот на Соборот, по поделбата на гласачките ливчиња, го одредува потребното време за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 132

Делегатот во Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кого гласа.

Делегатот може да гласа само за еден кандидат односно за една кандидатска листа.

Пополнетото гласачко ливче членот на Соборот го става во гласачката кутија.

Член 133

По завршувањето на гласањето се врши преглед и пребројување на гласачките ливчиња заради утврдување на резултатот од гласањето.

Член 134

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно делегати гласале, колку од тоа гласале за одделни кандидати и колку има неважечки ливчиња.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 135

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник, престануваат да важат:

— Одлуката за начинот на работа на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалис-

тичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, број 22/74),

— Одлука за образување на постојани одбори и комисии на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, број 22/74), и

— Одлуката за формирање и состав на Комисијата за програмирање работата на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, број 31/74).

Член 136

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 38-2974
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

---

**451.**

Врз основа на член 343, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилата за организација и работа на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Соборот) и на неговите работни тела се уредуваат со овој деловник и со Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собранието).

Начинот на работа на Соборот и на неговите работни тела по одделни прашања, кој не е уреден со Деловникот на Собранието или со овој деловник, Соборот и неговите работни тела го уредуваат со заклучок при претресувањето на тие прашања.

Член 2

Работите од надлежноста на Собранието Соборот ги врши самостојно, рамноправно со другите собори или на заедничка седница на сите собори.

Во согласност со Деловникот на Собранието и со овој деловник, Соборот одлучува рамноправно со Соборот на здружениот труд и со Општествено-политичкиот собор.

Член 3

Работите од својот делокруг Соборот ги врши на свои седници.

Член 4

Соборот и неговите работни тела, во извршувањето на нивните задачи, соработуваат со другите собори на Собранието и нивните работни тела, со работните тела на Собранието, со собранијата на самоуправните интересни заедници, со општествено-политичките организации, со собранијата на општините и на други општествено-политички заедници, со организациите на здружен труд и со другите самоуправни организации и заедници.

Член 5

Соборот го претставува претседателот на Соборот.

### II. ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ

**1. Верификација на мандатот на делегатите**

Член 6

По извршените општи избори верификацијата на мандатот на новоизбраните делегати во Соборот ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија со резултатите за изборите, а по предлог од Верификационата комисија, што ја избира Соборот на својата прва седница.

Првата седница на Соборот ја свикува претседателот на Собранието. На оваа седница, до изборот на претседател на Соборот, претседава најстариот делегат по години.

Член 7

Верификационата комисија се состои од претседател и четири членови.

Член 8

Верификационата комисија го разгледува извештајот и другите изборни акти на Републичката изборна комисија, како и евентуално примените жалби на изборот на одделни делегати, ја испитува правилноста на изборот и на Соборот му поднесува свој извештај со предлог.

Извештајот на Комисијата им се доставува на сите делегати во Соборот, најдоцна пред почетокот на седницата на која ќе се изврши верификација на мандатите на делегатите на Соборот.

Член 9

Соборот го претресува извештајот на Верификационата комисија во целина.

По извршениот претрес, гласањето, односно одлучувањето по извештајот и предлогот, се врши во целина, ако нема оспорени мандати на одделни делегати од страна на Верификационата комисија.

Ако Верификационата комисија ја оспори исправноста на издаденото уверение за изборот на одделен делегат и предложи верификацијата на мандатот да се одложи, за секој таков предлог Соборот гласа одделно.

Член 10

Соборот може да го одложи донесувањето на одлука за верификација на одделен мандат и да заклучи претходно да се испита правилноста на спроведените избори. Одлагањето на донесувањето на одлука за верификација на одделни мандати не може да биде подолго од два месеца.

За верификацијата на мандатот од претходниот став, Соборот ќе одлучи по поднесениот извештај од Републичката изборна комисија, ако не се работи за потреба од распишување на повторен избор за делегатот на кого му е одложена верификацијата на мандатот.

Член 11

Делегат, чиј мандат е оспорен или одлуката за верификација на неговиот мандат е одложена, има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата на тие седници, без право на одлучување.

Член 12

По донесувањето на одлуката на Соборот за верификација на мандатот, претседавачот на седницата на Соборот ги повикува делегатите на кои мандатот им е верифициран да дадат свечена изјава.

Текстот на свечената изјава, кој е утврден со Деловникот на Собранието, го чита претседавачот.

По читањето, делегатите во Соборот го потпишуваат текстот на свечената изјава и му го предаваат на секретарот на Соборот.

Член 13

Делегатот во Соборот на кого мандатот му е верифициран, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, нејзиниот текст ќе го потпише пред претседателот на Соборот, кој за тоа го известува Соборот на првата наредна седница.

Член 14

Верификацијата на мандатите на делегатите во Соборот, избрани на повторните или дополнителните избори, ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија и по предлог на Мандатно-имунитетната комисија, во согласност со одредбите на овој деловник за верификација на мандатите.

Член 15

Со верификацијата на мандатот делегатите во Соборот имаат права и должности на делегати во Собранието, утврдени со Уставот и Деловникот на Собранието.

**2. Престанок на мандатот на делегатите**

Член 16

На делегатот му престанува мандатот во случаите утврдени со Уставот и со закон, во постапката утврдена со Деловникот на Собранието.

Член 17

Претседателот на Соборот, откако ќе ја прими оставката на делегатот што му ја доставил претседателот на Собранието, ја упатува неа до Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Мандатно-имунитетната комисија за примената оставка ја известува делегацијата чиј член е тој.

За поднесената оставка претседателот на Соборот го известува Соборот на првата наредна седница.

Соборот ја разгледува оставката и извештајот на Мандатно-имунитетната комисија и оставката ја уважува со одлука.

Со денот на уважувањето на оставката на делегатот му престанува мандатот.

Член 18

За секој случај што повлекува престанок на мандатот, освен оставка, Мандатно-имунитетната комисија го известува Соборот, а Соборот констатира дека на делегатот му престанал мандатот и го утврдува денот на престанокот на мандатот.

Член 19

За секој престанок на мандатот на делегатот, претседателот на Соборот го известува претседателот на Собранието.

## III. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

**1. Рамноправно одлучување со другите собори**

Член 20

Соборот со Соборот на здружениот труд и со Општествено-политичкиот собор рамноправно:

1) донесува:

— републички општествен план;

— републички буџет;

— завршна сметка за извршувањето на буџетот;

2) претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на:

— народната одбрана и општествената самозаштита;

— надворешната **политика;**

— менувањето на границите на Републиката;

— системот на финансирање на општините и на Републиката;

— побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта;

— регионалниот развој на Републиката;

— празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;

— референдумот;

— изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите;

— изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници;

3) дава согласност:

— на општествениот план на Југославија;

— на сојузните закони со кои се уредуваат односите во областите на: кредитирањето побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономните покраини и на системот на извори на средства за финансирање на федерацијата, утврдување вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за секоја година;

— за основање на фондови и преземање на обврски од страна на федерацијата.

Член 21

Соборот со Соборот на здружениот труд, рамноправно:

— претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите во областа на: просторното и урбанистичкото планирање; урбанистичкото уредување на населбите; доделувањето, уредувањето и употребата на градежно земјиште; уредувањето и користењето на земјиштето и добрата во општа употреба; функционирањето и управувањето на комуналните организации на здружениот труд; станбената изградба, нејзиното финансирање и управувањето (стопанисувањето) со станбените згради и становите во општествена сопственост; заштитата на природата и човековата околина;

— одлучува за распишување на јавни заеми;

— претресува и други прашања што работните луѓе и граѓаните самостојно ги уредуваат во општината и во месната заедница.

Член 22

Соборот со Општествено-политичкиот собор рамноправно претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на:

— остварувањето на уставната положба и рамноправноста на народностите, како и на припадниците на етничките групи;

— републичкото државјанство;

— химната;

— употребата на знамињата;

— бракот, семејството и старателството;

— наследувањето;

— формирањето и укинувањето на општини и утврдувањето и менувањето на нивните подрачја;

— здруженијата на граѓаните, јавните собири и јавните приредби;

— матичните книги, личните имиња и личните карти;

— прогласувањето на исчезнати лица за умрени и докажувањето на смртта;

— заверката на потписи, ракописи и преписи;

— набавувањето, поседувањето, носењето, испробувањето и обележувањето на оружје и муниција.

**2. Самостоен делокруг**

Член 23

Соборот:

— врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните права на делегатите во Соборот;

— избира претседател и потпретседател на Соборот;

— формира работни тела на Соборот и избира претседател и членови на тие тела;

— донесува програма за работа;

— донесува деловник;

— именува секретар на Соборот.

### 3. Други прашања од делокруг на Соборот

Член 24

Соборот, во рамките на својот делокруг, дава согласност за ратификување на меѓународни договори кои налагаат донесување на нови или измена на важечките републички закони, или од кои произлегуваат посебни обврски за Социјалистичка Република Македонија, како и за сојузните закони со кои се уредува постапката за склучување на такви договори.

Член 25

Соборот, во рамките на својот делокруг, дава согласност за склучување на договори меѓу републиките и автономните покраини и дава овластување за потпишување на тие договори.

## IV. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Член 26

Работата на Соборот се одвива според основната програма за работа на Собранието и според програмата и плановите за работа на Соборот.

Соборот, самостојно ги донесува програмата и плановите за својата работа.

Програмата за работа се донесува за период од една година.

Плановите за работа се донесуваат по правило за три месеци, а можат да се донесуваат и за пократок период.

Член 27

Основа за изработка на програмата за работа на Соборот се работите што со Уставот се одредени во делокруг на Соборот и задачите што произлегуваат од:

— Уставот, општествените планови и утврдената политика на општествено-економскиот развој на земјата;

— состојбите во општествените области во Републиката;

— програмите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— задачите што произлегуваат од документите на Сојузот на комунистите на Југославија и Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија.

Член 28

Програмата за работа на Соборот содржи:

— задачи што произлегуваат од основната програма за работа на Собранието;

— движење и состојби во одделни области од делокруг на Соборот;

— закони и други општи акти со образложение за потребата од нивното донесување и со приказ на основните содржини на тие акти;

— прашања, задачи и работи кои се однесуваат на утврдувањето и спроведувањето на политиката во областите од делокругот на Соборот;

— телата односно органите одговорни за организирање, примена и извршување на одделни задачи и работи односно носители на предлозите и работите околу подготвувањето;

— начин и облици на соработка во поглед на консултирањето и прибирањето на мислења од заинтересираните органи и организации во Републиката;

— рокови во кои одделни работи треба да се довршат односно извршат;

— прашања кои пред конечното одлучување ќе бидат упатени на јавна дискусија или референдум;

— задачи и работи што произлегуваат од програмите за работа на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за прашањата за кои се одлучува врз основа на согласност на Собранието;

— одделни прашања од програмата за работа на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ кои се однесуваат на побитни односи за кои ќе расправа Соборот;

— други прашања од делокруг на Соборот.

Член 29

Предлози за внесување на одделни прашања во програмата и плановите за работа на Соборот можат да поднесуваат:

— делегациите, делегатите и работните тела на Собранието и на Соборот;

— организациите на здружениот труд по гранки, групации и дејности организирани во репродукциони системи односно во Стопанската комора на Македонија, месните заедници и Републичкиот одбор на месните заедници, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации во општините и другите општествени организации и здруженија;

— Извршниот совет и републичките органи на управата;

— собранијата на општините и Заедницата на општините и градовите на Македонија;

— Сојузот на комунистите на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија;

— Претседателството на Социјалистичка Република Македонија;

— Советот на Републиката;

— Уставниот суд на Македонија;

— Врховниот суд на Македонија, Стопанскиот суд на Македонија и Републичкиот суд на здружениот труд.

Член 30

При изработката и утврдувањето на програмата и плановите за работа Соборот соработува со другите собори на Собранието, со Извршниот совет на Собранието, како и со органите и организациите од член 29 на овој деловник.

Член 31

Врз основа на иницијативите и предлозите претседателот на Соборот, со претседателите на работните тела на Соборот, изготвува нацрт на програма за работа на Соборот и му го поднесува на Соборот на разгледување.

Нацртот на програма се објавува во гласилото на Собранието.

Член 32

Нацртот на програма за работа го разгледуваат работните тела на Соборот.

Соборот го претресува нацртот на програма за работа заедно со примените мислења и предлози.

Член 33

Врз основа на усвоениот нацрт на програма за работа претседателот на Соборот со претседателите на работните тела на Соборот изготвува предлог на програма за работа.

Предлогот на програма за работа им се доставува на делегатите во Соборот и на органите и организациите од член 29 на овој деловник.

Член 34

Предлогот на програма за работа на Соборот го разгледуваат работните тела на Соборот.

Работните тела на Соборот ги разгледуваат и мислењата и предлозите што не се внесени во предлогот на програмата за работа на Соборот и по нив на Соборот му даваат свои мислења и предлози.

Член 35

При претресувањето на предлогот на програма за работа на Соборот, Соборот ги разгледува мислењата и предлозите на работните тела на Соборот.

Програмата за работа на Соборот се објавува во посебна публикација во издание на Библиотеката на Собранието.

Член 36

Работните тела на Соборот ги утврдуваат своите планови за работа врз основа на програмата и плановите за работа на Соборот.

## V. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ

Член 37

Соборот има претседател и потпретседател кои се избираат од редот на делегатите во Соборот за време од четири години.

Член 38

Претседателот на Соборот:

— ги подготвува и свикува седниците на Соборот и претседава на седниците;

— се грижи за организирање работата на Соборот;

— ја усогласува работата на работните тела на Соборот;

— ја следи работата на работните тела на Соборот и со претседателите на телата се договара за прашањата во врска со работата на работните тела и на Соборот;

— предлага разгледување на прашања од делокруг на Соборот на седниците на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за извршување на заклучоците на Соборот и за тоа го известува Соборот;

— се грижи за усогласување работата на Соборот со работата на другите собори на Собранието и со нивните претседатели се договара за начинот и роковите за разгледување на одделни прашања, а посебно за претресување на прашања за кои Соборот одлучува во рамноправен делокруг;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со Извршниот совет, републичките органи на управата и републичките организации;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со собранијата на општините, со Заедницата на општините и градовите на Македонија, со Републичкиот одбор на месните заедници; со самоуправните интересни заедници, со општественополитичките и општествените организации и здруженија, како и со другите заинтересирани органи и организации;

— се грижи за примена на одредбите на овој деловник и на Деловникот на Собранието;

— се грижи за остварување правата на делегатите во Собранието;

— се грижи за спроведување начелото на јавност во работата на Соборот и неговите работни тела;

— ги потпишува актите што ги донесува Соборот самостојно и ги соопштува сите други акти во чие донесување учествува Соборот, освен указите за прогласување на законите;

— врши други работи утврдени со овој деловник и со Деловникот на Собранието, како и работи што ќе му ги довери Соборот.

Член 39

Претседателот на Соборот, во случај на негова отсутност или спреченост, го заменува потпретседателот на Соборот.

Член 40

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето на седниците на Соборот, го организира вршењето на стручните и административно-техничките работи за потребите на Соборот и неговите работни тела и врши други работи што ќе му ги довери Соборот или претседателот на Соборот.

Член 41

За својата работа и работата на службата на Соборот секретарот на Соборот му одговара на Соборот.

## VI. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБОРОТ

### 1. Заеднички одредби

Член 42

Соборот формира одбори и комисии и други постојани и повремени работни тела (работни тела) за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти и предлози на закони и други акти за проучување и претресување на други прашања, за подготвување и предлагање на акти и други мерки од делокругот на Соборот.

Член 43

Постојаните работни тела се формираат со овој деловник, а можат да се формираат и со посебна одлука на Соборот.

Повремените работни тела се формираат со посебна одлука на Соборот.

Со одлуката за формирање на работните тела се определува делокругот, овластувањата и составот.

Член 44

Претседателот и членовите на постојаните работни тела на Соборот се избираат од редот на делегатите во Соборот.

Заради проучување на определено прашање што не спаѓа во делокруг на некое од работните тела на Соборот, како и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба, Соборот може да формира повремени работни тела.

Повременото работно тело престанува да постои по извршувањето на задачите за кои било формирано или кога за тоа ќе одлучи Соборот.

Член 45

Прашањата од својот делокруг работните тела ги разгледуваат по сопствена иницијатива, а се должни да разгледаат секое прашање од својот делокруг за кое ќе заклучи Соборот или тоа ќе го побара претседателот на Собранието или претседателот на Соборот.

Член 46

Работните тела заклучуваат кое од прашањата што ги разгледувале по сопствена иницијатива ќе ги предложат за дневен ред на седницата на Соборот.

Ако работното тело заклучи одредено прашање да се разгледа на седница на Соборот, на претседателот на Соборот му се доставува материјал со извештај по тоа прашање.

Член 47

Работните тела на Соборот, во рамките на својот делокруг, можат да вршат анкети и за таа цел од државните органи и од организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници можат да бараат потребни податоци, списи и други исправи.

Член 48

Претседателот на работното тело, по правило, поканата за седницата со предлогот на дневен ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата им ги доставува на членовите на работното тело најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата.

По исклучок од претходниот став, претседателот може да свика седница во покус рок од десет дена, а дневниот ред за таквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 49

Претседателот на работното тело во рокот од претходниот член за свиканата седница ги известува претседателот на Соборот, Извршниот совет и претставникот на предлагачот за одделни прашања и предлози што работното тело ќе ги претресува.

Член 50

Записниците и извештаите од седниците на работното тело ги потпишува претседателот на работното тело.

Член 51

Иницијатива за внесување на одделни прашања во дневен ред на седницата на работното тело можат да дадат работните тела на Собранието на Соборот и на другите собори, републичките органи на управата и републичките организации, општествено-политичките организации и други организации.

Член 52

За прашањата по кои претресот завршува во работното тело, претресот може да заврши со прост премин на дневен ред или со донесување на заклучок.

Член 53

Работното тело може да му предложи на Соборот да го одложи претресувањето на одделно прашање што телото го разгледувало.

**2. Постојани работни тела**

Член 54

Соборот ги има следните одбори:

1. Одбор за развој и финансии,
2. Одбор за општествено-политички односи и народна одбрана,
3. Одбор за урбанизам и станбено-комунални прашања.

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Член 55

Одборот за развој и финансии ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— републичкиот општествен план, регионалниот развој на Републиката, побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, системот на финансирање на општините и Републиката, републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на буџетот, распишување на јавни заеми.

Член 56

Одборот за општествено-политички односи и народна одбрана ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— народната одбрана и општествената самозаштита;
— употреба на знамињата;
— химната;
— републичкото државјанство, празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;
— референдумот;
— менувањето на границите на Републиката;
— формирањето и укинувањето на општините и утврдувањето и менувањето на нивните подрачја;
— изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите;
— изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници;
— здруженијата на граѓаните;
— јавните собири и јавните приредби;
— матичните книги, личните имиња и личните карти;
— набавувањето, поседувањето, носењето, испробувањето и обележувањето на оружје и муниција;
— бракот, посвојувањето и односите на родителите и децата;
— старателството;
— наследувањето;
— заверката на потписи, ракописи и преписи;
— прогласувањето на исчезнати лица за умрени и докажувањето на смртта.

Член 57

Одборот за урбанизам и станбено-комунални прашања ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— просторното и урбанистичкото планирање;
— урбанистичкото уредување на населбите;
— доделувањето, уредувањето и употребата на градежното земјиште;
— уредувањето и користењето на земјиштето и добрата во општа употреба;
— функционирањето и управувањето на комуналните организации на здружениот труд;
— станбената изградба, нејзиното финансирање и управувањето (стопанисувањето) со станбените згради и становите во општествена сопственост и заштитата на природата и човековата околина.

Член 58

Мандатно-имунитетната комисија: ги испитува и разгледува уверенијата за изборот на делегатите и извештајот на Републичката изборна комисија за резултатите на повторните и дополнителните избори, и му поднесува на Соборот извештај со предлог за верификација на мандатите; расправа за основите за престанок на мандатот на одделни делегати во Соборот и за тоа му поднесува на Соборот извештај; ги претресува сите други прашања во врска со мандатно-имунитетните права на делегатите во согласност со Деловникот на Собранието и овој деловник.

## VII. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

**1. Подготвување и свикување на седниците**

Член 59

Соборот работи и прашањата од својот делокруг ги претресува на седници.

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот е должен да свика седница на Соборот по предлог од претседателот на Собранието, по барање на работно тело на Соборот или по барање од десет делегати во Соборот и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седница на Соборот можат да свикаат десет делегати во Соборот или претседателот на Собранието.

Свикување на седница на Соборот може да му предложи на Соборот Извршниот совет, на која ќе го изложи својот став по определено прашање.

Член 60

Предлогот на дневен ред за седница на Соборот го подготвува претседателот на Соборот, во договор со претседателите на работните тела. Секој делегат во Соборот, работните тела на Соборот и Извршниот совет можат на Соборот да му предлагаат одделно прашање да се внесе во предлогот на дневен ред за седницата на Соборот.

Предлогот за внесување на одделно прашање во дневен ред пред седницата на Соборот се поднесува писмено, а на седницата на Соборот може и усно.

Член 61

Иницијатива за ставање одделно прашање на дневен ред на седницата на Соборот може да потекне од делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, републичките органи на управата, собранијата на општините, општествено-политичките организации, работните и други самоуправни организации и заедници и здруженија.

Член 62

Поканата за седница на Соборот им се доставува на сите делегати во Соборот најдоцна дваесет дена пред денот определен за одржување на

седницата. Со поканата се доставува и предлогот на дневен ред.

По исклучок, претседателот на Соборот може да свика седница и во пократок рок од дваесет дена, а дневниот ред за ваква седница може да го предложи и на самата седница.

Ако Соборот на седница го утврди денот на одржувањето на наредната седница, рокот и начинот на доставувањето на поканата се утврдува на таа седница.

Член 63

Материјалите по прашањата што се предлагаат за дневен ред на седницата на Соборот им се доставуваат на делегатите во Соборот најдоцна триесет дена пред денот на одржувањето на седницата на Соборот.

Член 64

Поканата за седница на Соборот со предлогот на дневниот ред и материјалите за седницата на Соборот му се доставуваат на Извршниот совет и на другите заинтересирани органи и организации.

Член 65

Прашањата што се претресуваат на седници на Соборот, претходно се претресуваат на седници на работните тела на Соборот односно на Собранието.

**2. Отворање на седницата и утврдување на дневниот ред**

Член 66

По отворањето на седницата, претседателот на Соборот проверува дали има потребно мнозинство на делегати за одржување на седницата.

Претседателот на Соборот води сметка за потребното мнозинство и во текот на седницата.

Делегатот во Соборот во текот на седницата може да побара да се утврди дали постои мнозинство за одржување на седницата.

Ако претседателот утврди дека не постои потребното мнозинство, седницата се прекинува односно се одлага.

Член 67

По отворањето на седницата се утврдува дали има забелешки на записникот од претходната седница.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако нема забелешки записникот се усвојува.

Ако има забелешки и тие се прифатени, записникот се усвојува заедно со ставените забелешки.

Член 68

Откако ќе ја отвори седницата на Соборот, претседателот ги дава потребните објаснувања во врска со работата на седницата и со други претходни прашања.

Претседателот го известува Соборот и за тоа кој е повикан на седницата на Соборот и кои делегати го известиле дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Член 69

Пред преминувањето на дневниот ред, делегатите во Соборот можат да поставуваат делегатски прашања и да бараат објаснувања и известување согласно со одредбите на Деловникот на Собранието.

Прашањето на делегатот на кое не е даден одговор на седницата се упатува до Извршниот совет односно функционерот што раководи со републичкиот орган на управата.

Соборот може да определи и друго време на седницата за поставување на прашања од делегатите и за барање објаснувања и известувања.

Член 70

Соборот го утврдува дневниот ред во почетокот на седницата по предлог од претседателот на Соборот.

Во предлогот на дневен ред на седницата, по правило, претседателот на Соборот ги внесува прашањата што до денот на свикувањето на седницата му ги поднеле делегатите, функционерите или органите, кои според Уставот, Деловникот на Собранието и овој деловник се овластени да предлагаат определено прашање да се стави на дневен ред на седницата на Соборот.

Ако во предлогот на дневниот ред претседателот не го внел прашањето што го предложил овластен предлагач или орган, претседателот е должен на седницата да ги изнесе причините поради кои тоа не го сторил. Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 71

Работно тело на Соборот, делегат во Соборот и Извршниот совет можат и на седницата на Соборот да предложат да се стави на дневен ред определено прашање кое не трпи одлагање.

Подносителот на предлогот е должен на седницата на Соборот да ја образложи итноста на предлогот и да ги изнесе причините поради кои се бара тоа прашање да се внесе во дневниот ред на самата седница.

За оправданоста на внесувањето на предложеното прашање во дневниот ред на седницата одлучува Соборот без претрес.

**3. Претседавање на седницата и учество во работата**

Член 72

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Во случај на отсутност или спреченост го заменува потпретседателот.

Ако е спречен и потпретседателот, седницата ја отвора најстариот делегат во Соборот, потоа се избира делегат кој ќе претседава на седницата.

Член 73

Право и должност да учествуваат во работата на седницата имаат сите делегати во Соборот.

На седницата на Соборот можат да учествуваат, без право на одлучување: делегатите во другите собори на Собранието, членовите на делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, делегатите во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, членовите на Претседателството на Републиката, членовите на Советот на Републиката, членовите на Извршниот совет и претставници на Извршниот совет, функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации, претставници на собранијата на општините, на општествено-политичките организации, на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, научни и други јавни и политички работници што се поканети на седницата да ги изнесат своите мислења по определени прашања.

Член 74

Во претресот по определено прашање на седницата на Соборот имаат право да учествуваат делегатите во друг собор, што ќе ги определи тој собор, и како негови претставници да го изнесат и образложат мислењето што го поднел другиот собор.

**4. Тек на седницата**

Член 75

По утврдувањето на дневниот ред, се преминува на претрес на одделни прашања, по правило, по редоследот на усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање од дневниот ред пред да се одлучува за него, освен во оние случаи кога со деловникот е определено да се одлучува без претрес.

Член 76

Претресот по секое прашање, по правило, започнува со изложување од предлагачот, а потоа може да земе збор известителот на работното тело.

Потоа збор добиваат делегатите и другите учесници што се пријавиле за збор.

Претресот се води сè додека има пријавено говорници.

Претресот го заклучува претседателот кога ќе утврди дека повеќе нема пријавени говорници.

Член 77

Претседателот на Соборот може во текот на седницата да ја прекине работата на Соборот и да го одреди времето кога ќе се продолжи со работата.

Претседателот ја прекинува работата на Соборот поради: немање на мнозинство, одминато време, одмор на делегатите, потребата во меѓувреме од прекинот до продолжението на седницата да се извршат потребните консултации и да се соберат потребните мислења, како и во други случаи кога тоа Соборот ќе го заклучи.

Член 78

Соборот, во текот на претресот или по завршувањето на претресот, предлогот односно прашањето што се претресува може да го симне од дневниот ред и да го упати на работно тело на Собранието и на Соборот на разгледување.

Член 79

Извршниот совет и друг предлагач на закон, можат до завршувањето на претресот, да предложат Соборот да го одложи претресот на предлогот на закон.

**5. Говори**

Член 80

Пријавите за збор се поднесуваат писмено или усно штом ќе се отвори претресот, а можат да се поднесуваат и до завршувањето на претресот.

Никој не може да зборува на седница пред да добие збор од претседателот на Соборот.

Член 81

Претседателот на Соборот им дава збор на пријавените говорници според редот на пријавување за збор.

Делегатот во Соборот кој сака да зборува за повреда на деловникот или за повреда на дневниот ред, добива збор штом ќе побара, а неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Во случај од претходниот став претседателот е должен да даде објаснување за повредата на деловникот, односно утврдениот дневен ред. Ако делегатот во Соборот не биде задоволен од даденото објаснение, за тоа прашање одлучува Соборот без претрес.

Член 82

Говорникот, по правило, говори од говорница.

Член 83

Претседателот се грижи говорникот да не биде прекинуван во својот говор и само тој може да го опомене или да го прекине во говорот.

Член 84

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот ќе го повика да се придржува за прашањето од дневниот ред.

Ако говорникот и по предупредувањето не се придржува за прашањето од дневниот ред, претседателот ќе му го одземе зборот.

Член 85

Пријавениот говорник може да се откаже од говорот.

Говорникот што ќе се откаже од говорот може да го приложи говорот кон стенографските белешки.

**6. Одржување на редот**

Член 86

За повреда на редот на седницата може да се изречат следните мерки: опомена и одземање на збор.

Мерките од претходниот став ги изрекува претседателот на Соборот.

Член 87

Опомена ќе му се изрече на делегатот кој со своето поведение со земање на збор кога претседателот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник, или со слична постапка го нарушува редот на седницата и одредбите на овој деловник.

Одземање на збор ќе се примени на делегат кој со својот говор на седницата го повредува редот, а на истата седница два пати е повикан да се придржува за редот и одредбите на деловникот.

Изречените мерки се внесуваат во записникот од седницата.

Член 88

Граѓанинот што го нарушува редот, претседателот ќе нареди да се отстрани од салата во која се одржува седницата. Ако редот е нарушен во поголема мерка, претседателот може да нареди да се отстранат сите граѓани од салата.

Член 89

Ако претседателот не може со редовни мерки да го одржи редот на седницата ќе ја прекине седницата.

Член 90

Сите лица што по службена должност се наоѓаат во салата за време на седницата се должни да ги извршуваат налозите на претседателот во поглед на одржувањето на редот.

**7. Одлучување**

Член 91

Соборот одлучува на седници со гласање.

Член 92

Соборот одлучува откако ќе заврши претресот.

Член 93

За одлучување на седницата е потребно присуство на мнозинството делегати во Соборот.

Ако претседателот смета дека на седницата не присуствува доволен број делегати во Соборот ќе нареди прозивање.

Прозивањето се врши и ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку пет делегати.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 94

Претресот по прашањето што е на дневен ред на седницата на Соборот може да заврши:

— со прост премин на дневен ред,
— со донесување на заклучок, или
— со донесување на акт.

Член 95

Ако по прашањето што се претресува се предлага Соборот да донесе декларација, резолуција, препорака или заклучок, а не е предложен текстот на декларацијата, резолуцијата, препораката односно заклучокот, Соборот може и пред претресот и во текот на претресот да одлучи да избере

комисија, која врз основа на материјалот и претресот ќе му поднесе на Соборот предлог на декларација, резолуција, препорака односно заклучок.

Член 96

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството на присутните делегати, освен ако со Уставот е предвидено одлука да се донесува со посебно мнозинство.

Секој делегат во Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас.

Образложението не може да трае подолго од пет минути.

Член 97

Гласањето, по правило, е јавно.

Со тајно гласање може да се врши избор, именување и разрешување од делокруг на Соборот, ако Соборот така одлучи.

Предлог за тајно гласање може да поднесе претседателот на Соборот и секој делегат чиј предлог го поддржуваат најмалку десет делегати.

Член 98

Тајното гласање се врши според посебните одредби за избори, именувања и разрешувања утврдени со овој деловник.

Член 99

Делегатите во Соборот гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за" или „против" предлогот, или се „воздржуваат" од гласањето.

Член 100

Јавно гласање се врши со кревање на рака или поименично.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува делегатите да се изјаснат кој е „за" а кој е „против" предлогот, и дали некој „се воздржува" од гласањето.

Член 101

Претседателот определува поименично гласање кога смета дека е тоа потребно заради точно утврдување на резултатот од гласањето или ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку десет делегати во Соборот.

Поименично гласање се врши со прозивање на делегатите во Соборот кои при прозивањето гласаат со изјаснување „за" или „против", или „се воздржуваат" од гласањето.

Кога ќе заврши прозивањето, повторно ќе се изврши прозивање на делегатите за кои во списокот не е одбележено дека гласале.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 102

По завршеното гласање претседателот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на тој резултат објавува дали предлогот е усвоен или одбиен.

**8. Заклучување на седницата**

Член 103

По исцрпувањето на дневниот ред претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

**9. Записници и стенографски белешки**

Член 104

За работата на седницата на Соборот се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, особено за предлозите изнесени на седницата и за заклучоците донесени на седницата, како и резултатите од гласањето по одделни прашања.

За составување на записникот и за чување на оригиналите на записниците се грижи секретарот на Соборот.

Член 105

Записникот им се испраќа на сите делегати по составувањето, а најдоцна петнаесет дена пред денот определен за одржување на наредната седница на Соборот.

Член 106

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на Соборот.

Член 107

На седницата на Соборот се водат стенографски белешки.

Составен дел на стенографските белешки се и неодржаните говори што на седницата во текот на претресот писмено се приложени со ознака дека говорот не е одржан на седницата.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на делегатите по нивно барање.

Секој делегат има право да побара во стенографските белешки да се извршат исправки во неговото излагање, но без внесување на битни измени во текстот и без изоставање на искажани мисли.

За остварувањето на ова право на делегатите се грижи секретарот на Соборот.

Ако се појави спор за основноста на барањето да се изврши исправка во стенографските белешки, за барањето се одлучува на седницата без претрес.

Член 108

Стенографските белешки за работа на Соборот се чуваат во Библиотеката на Собранието и им се достапни на делегатите.

## VIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОРИ, ИМЕНУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

**1. Избор на претседател и потпретседател на Соборот**

Член 109

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог на кандидатура може да поднесе и група од најмалку десет делегати во Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот пред почетокот на седницата на која ќе се избира нов претседател на Соборот.

Претставникот на подносителот на кандидатурата има право на седницата на Соборот да го образложи предлогот на кандидатурата.

Член 110

За претседател на Соборот е избран кандидатот кој добил мнозинство на гласовите од сите делегати во Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува за истите кандидати.

Пред повторното гласање предлагачите можат да ги повлечат своите поранешни предлози, а можат да се поднесуваат и нови предлози.

Член 111

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по иста постапка како и изборот на претседател на Соборот.

**2. Избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот**

Член 112

Предлог за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог може да поднесе и група од десет делегати во Соборот.

Предлог за избор на претседател и членови на повремени работни тела може да поднесе и претседателот на Соборот.

Член 113

Предлозите се поднесуваат во вид на кандидатски листи.

Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што според одлуката на Соборот се избираат членови на одделно работно тело.

На седницата на Соборот за поднесените кандидатски листи се гласа во целина, по оној ред по кој тие се предложени.

Член 114

Претседателот и членовите на работното тело се избрани од онаа кандидатска листа која добила мнозинство на гласови на присутните делегати во Соборот.

Член 115

Изборот на одделен член на работно тело се врши по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**3. Именувања**

Член 116

Секретарот на Соборот го именува Соборот по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

**4. Разрешувања**

Член 117

Одредбите на овој деловник кои се однесуваат на постапката за избор и именување сходно се применуваат и во постапката за разрешување.

**5. Постапка за тајно гласање**

Член 118

Со спроведувањето на изборите со тајно гласање раководи претседателот на Соборот на кого му помагаат секретарот на Соборот и двајца делегати што се избираат на седницата.

Член 119

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачкото ливче ги содржи имињата на сите предложени кандидати со реден број и по оној ред по кој предлозите се поднесени.

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, со иста боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печатот на Собранието.

Секој делегат во Соборот добива едно гласачко ливче.

Претседателот на Соборот, по поделбата на гласачките ливчиња, го одредува потребното време за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 120

Делегатот во Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кого гласа.

Делегатот може да гласа само за еден кандидат односно за една кандидатска листа.

Пополнетото гласачко ливче членот на Соборот го става во гласачката кутија.

Член 121

По завршувањето на гласањето се врши преглед и пребројување на гласачките ливчиња заради утврдување на резултатот од гласањето.

Член 122

Резултатот на гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно делегати гласале, колку од тоа гласале за одделни кандидати и колку има неважечки ливчиња.

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 123

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник, престануваат да важат:

— Одлуката за начинот на работа на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", број 22/74),

— Одлуката за образување на постојани одбори и комисии на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", број 22/74),

— Одлуката за формирање и состав на Комисијата за програмирање работата на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", број 31/74).

Член 124

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 31-2961
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
**Блашко Јаневски,** с. р.

---

**452.**

Врз основа на член 343, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ДЕЛОВНИК
## НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилата за организација и работа на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Соборот) и на неговите работни тела се уредуваат со овој деловник и со Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собранието).

Начинот на работа на Соборот и на неговите работни тела по одделни прашања, што не е уреден со Деловникот на Собранието или со овој деловник, Соборот и неговите работни тела го уредуваат со заклучок при претресувањето на тие прашања.

Член 2

Работите од надлежноста на Собранието Соборот ги врши самостојно, рамноправно со другите собори или на заедничка седница на сите собори.

Во согласност со Деловникот на Собранието и со овој деловник, Соборот одлучува рамноправно со Соборот на здружениот труд и со Соборот на општините.

Член 3

Работите од својот делокруг Соборот ги врши на свои седници.

Член 4

Соборот и неговите работни тела, во извршувањето на нивните задачи, соработуваат со другите собори на Собранието и нивните работни тела, со работните тела на Собранието, со собранијата на самоуправните интересни заедници, со општествено-политичките организации, со собранијата на општините и на други општествено-политички заедници, со организациите на здружениот труд и со другите самоуправни организации и заедници.

Член 5

Соборот го претставува претседателот на Соборот.

## II. ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ

### 1. Верификација на мандатот на делегатите

Член 6

По извршените општи избори верификацијата на мандатот на новоизбраните делегати во Соборот ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија за резултатите од изборите, а по предлог од Верификационата комисија што ја избира Соборот на својата прва седница.

Првата седница на Соборот ја свикува претседателот на Собранието. На оваа седница, до изборот на претседател на Соборот, претседава најстариот по години делегат.

Член 7

Верификационата комисија се состои од претседател и четворица членови.

Член 8

Верификационата комисија го разгледува извештајот и другите изборни акти на Републичката изборна комисија, како и евентуално примените жалби за изборот на одделни делегати, ја испитува правилноста на изборот и на Соборот му поднесува свој извештај со предлог.

Извештајот на Комисијата им се доставува на сите делегати во Соборот, најдоцна пред почетокот на седницата, на која ќе се изврши верификацијата на мандатите на делегатите на Соборот.

Член 9

Соборот го претресува извештајот на Верификационата комисија во целина.

По извршениот претрес, гласањето, односно одлучувањето по извештајот и предлогот, се врши во целина, ако нема оспорени мандати за одделни делегати од страна на Верификационата комисија.

Ако Верификационата комисија ја оспори исправноста на издаденото уверение за изборот на одделен делегат и предложи верификацијата на мандатот да се одложи, за секој таков предлог Соборот гласа одделно.

Член 10

Соборот може да го одложи донесувањето на одлука за верификација на одделен мандат и да заклучи претходно да се испита правилноста на спроведените избори. Одлагањето на донесување одлука за верификација на одделни мандати не може да биде подолго од два месеца.

За верификацијата на мандатот од претходниот став, Соборот ќе одлучи по поднесениот извештај од Републичката изборна комисија, ако не се работи за потреба од распишување на повторен избор за делегатот на кого му е одложена верификацијата на мандатот.

Член 11

Делегат чиј мандат е оспорен или одлуката за верификација на неговиот мандат е одложена, има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата на тие седници, без право на одлучување.

Член 12

По донесувањето на одлуката на Соборот за верификација на мандатот, претседавачот на седницата на Соборот ги повикува делегатите на кои мандатот им е верифициран да дадат свечена изјава.

Текстот на свечената изјава, што е утврден со Деловникот на Собранието, го чита претседавачот.

По читањето, делегатите во Соборот го потпишуваат текстот на свечената изјава и му го предаваат на секретарот на Соборот.

Член 13

Делегатот во Соборот на кого мандатот му е верифициран, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, нејзиниот текст ќе го потпише пред претседателот на Соборот, кој за тоа го известува Соборот на првата наредна седница.

Член 14

Верификацијата на мандатите на делегатите во Соборот, избрани на повторните или дополнителните избори, ја врши Соборот врз основа на извештајот на Републичката изборна комисија и по предлог на Мандатно-имунитетната комисија, во согласност со одредбите на овој деловник за верификација на мандатите.

Член 15

Со верификацијата на мандатот делегатите во Соборот имаат права и должности на делегати во Собранието, утврдени со Уставот и Деловникот на Собранието.

### 2. Престанок на мандатот на делегатите

Член 16

На делегатот му престанува мандатот во случаите утврдени со Уставот и со закон, во постапката утврдена со Деловникот на Собранието.

Член 17

Претседателот на Соборот откако ќе ја прими оставката на делегатот што му ја доставил претседателот на Собранието, ја упатува до Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Мандатно-имунитетната комисија за примената оставка ја известува делегацијата чиј член е тој.

За поднесената оставка претседателот на Соборот го известува Соборот на првата наредна седница.

Соборот ја разгледува оставката и извештајот на Мандатно-имунитетната комисија и оставката ја уважува со одлука.

Со денот на уважувањето на оставката на делегатот му престанува мандатот.

Член 18

За секој случај што повлекува престанок на мандатот, освен оставка, Мандатно-имунитетната комисија го известува Соборот, а Соборот констатира дека на делегатот му престанал мандатот и го утврдува денот на престанокот на мандатот.

Член 19

За секој престанок на мандатот на делегатот, претседателот на Соборот го известува претседателот на Собранието.

## III. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

### 1. Рамноправно одлучување со другите собори

Член 20

Рамноправно со Соборот на здружениот труд и Соборот на општините Соборот:

1) донесува:

— републички општествен план;

— републички буџет;

— завршна сметка за извршување на буџетот;

2) претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на:

— народната одбрана и општествената самозаштита;

— надворешната политика;

— менувањето на границите на Републиката;

— системот на финансирањето на општините и на Републиката;

— побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта;

— регионалниот развој на Републиката;

— празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;

— референдумот;

— изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите и изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници;

3) дава согласност:

— на општествениот план на Југославија;

— на сојузните закони со кои се уредуваат односите во областите на: кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и на системот на извори на средства за финансирање на федерацијата, за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за секоја година;

— за основање на фондови и преземање обврски од страна на федерацијата.

Член 21

Рамноправно со Соборот на здружениот труд Соборот:

— претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на системот на социјалистичките самоуправни односи; општествено-политичкиот систем; слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот; заштитата на поредокот утврден со Уставот и јавната безбедност, правосудството, привремените мерки спрема организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници; сопственичко-правните и другите имотно-правни односи; боречката заштита; безбедноста на патниот, железничкиот и езерскиот сообраќај; заштитата од пожари и од елементарни непогоди и игрите на среќа;

— презема привремени мерки спрема организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници;

— ги остварува правата на Собранието во поглед на одговорноста на Извршниот совет и на функционерите што ги избира или именува Собранието и ги укинува или поништува прописите и другите акти на Извршниот совет што се во спротивност со уставот или со законите;

— врши општествен надзор;

— ги потврдува самоуправните спогодби односно статутите на самоуправните интересни заедници, како и статутите и другите општи акти на организациите на здружениот труд кога тоа е определено со закон;

— основа републички органи на управата и републички организации;

— донесува, односно одобрува финансиски планови и завршни сметки на републичките фондови определени со закон;

— именува и разрешува членови на органите на управување на организациите на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници определени со закон или со друг акт на Собранието;

— одлучува за надоместоците на функционерите што ги избира односно именува Собранието;

— донесува одлука за организација и делокруг на стручните служби на Собранието.

Член 22

Рамноправно со Соборот на општините Соборот претресува прашања, донесува закони и дава автентични толкувања на законите од областа на:

— остварувањето на уставната положба и рамноправноста на народностите, како и на припадниците на етничките групи;

— републичкото државјанство;

— химната;

— употребата на знамињата;

— бракот, семејството и старателството;

— наследувањето;

— образувањето и укинувањето на општини и утврдувањето и менувањето на нивните подрачја;

— здруженијата на граѓаните, јавните собири и јавните приредби;

— матичните книги, личните имиња и личните карти;

— прогласувањето на исчезнати лица за умрени и докажувањето на смртта;

— заверката на потписи, ракописи и преписи;

— набавувањето, поседувањето, носењето, испробувањето и обележувањето на оружје и муниција.

### 2. Самостоен делокруг

Член 23

Самостојно Соборот:

— претресува одделни прашања од функционирањето на општествено-политичкиот систем, надворешната политика, народната одбрана и општествената самозаштита, остварувањето на самоуправувањето во самоуправните организации и заедници и по тие прашања може да донесува препораки;

— дава амнестија за кривични дела определени со закон.

Член 24

Соборот:

— врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните права на делегатите во Соборот;

— избира претседател и потпретседател на Соборот;

— образува работни тела на Соборот и избира претседатели и членови на тие тела;

— донесува програма за работа;

— донесува деловник;

— именува секретар на Соборот.

### 3. Други прашања од делокруг на Соборот

Член 25

Во рамките на својот делокруг Соборот дава согласност за ратификување на меѓународни договори што налагаат донесување на нови или изменување на важечките републички закони, или од кои произлегуваат посебни обврски на Социјалистичка Република Македонија, како и за сојузните закони со кои се уредува постапката за склучување на такви договори.

Член 26

Во рамките на својот делокруг Соборот дава согласност за склучување на договори меѓу републиките и автономните покраини и дава овластување за потпишување на тие договори.

## IV. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Член 27

Работата на Соборот се одвива според основната програма за работа на Собранието и според програмата и плановите за работа на Соборот.

Соборот самостојно ги донесува програмата и плановите за својата работа.

Програмата за работа се донесува за период од една година.

Плановите за работа се донесуваат по правило за три месеци, а можат да се донесуваат и за покус период.

Член 28

Основа за изработка на програмата за работа на Соборот се работите што се одредени со Уставот во делокруг на Соборот и задачите што произлегуваат од:

— Уставот, општествените планови и утврдената политика за општествено-економскиот развој на земјата;

— состојбите во општествените области во Републиката;

— програмите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— задачите што произлегуваат од документите на Сојузот на комунистите на Југославија и на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија.

Член 29

Програмата за работа на Соборот содржи:

— задачи што произлегуваат од основната програма за работа на Собранието;

— движења и состојби во одделни области од делокруг на Соборот;

— закони и други општи акти со образложение за потребата од нивното донесување и со приказ на основните содржини на тие акти;

— прашања, задачи и работи кои се однесуваат на утврдување и спроведување на политиката во областите од делокругот на Соборот;

— телата, односно органите, одговорни за организирање, примена и извршување на одделни задачи и работи, односно носители на предлозите и работите околу подготвувањето;

— начин и облици на соработка во поглед на консултирањето и прибирањето на мислењата од заинтересираните органи и организации во Републиката;

— рокови во кои одделни работи треба да се довршат односно извршат;

— прашања кои пред конечното одлучување ќе бидат упатени на јавна дискусија или референдум;

— задачи и работи што произлегуваат од програмите за работа на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ и за прашањата за кои се одлучува врз основа на согласност на Собранието;

— одделни прашања од програмата за работа на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ кои се однесуваат на побитни односи за кои ќе расправа Соборот;

— други прашања од делокругот на Соборот.

Член 30

Предлози за внесување на одделни прашања во програмата и плановите за работа на Соборот може да поднесуваат:

— делегациите, делегатите и работните тела на Собранието и на Соборот;

— организациите на здружениот труд по гранки, групации и дејности организирани во репродукциони системи односно во Стопанската комора на Македонија, месните заедници и Републичкиот одбор на месните заедници, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации во општините и другите општествени организации и здруженија;

— Извршниот совет и републичките органи на управата;

— собранијата на општините и Заедницата на општините и градовите на Македонија;

— Сојузот на комунистите на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија;

— Претседателството на Социјалистичка Република Македонија;

— Советот на Републиката;

— Уставниот суд на Македонија;

— Врховниот суд на Македонија, Стопанскиот суд на Македонија и Републичкиот суд на здружениот труд.

Член 31

При изработката и утврдувањето на програмата и плановите за работа, Соборот соработува со другите собори на Собранието, со Извршниот совет на Собранието, како и со органите и организациите од член 30 на овој деловник.

Член 32

Врз основа на иницијативите и предлозите, претседателот на Соборот со претседателите на работните тела на Соборот, изготвува нацрт на програма за работа на Соборот и му го поднесува на Соборот на разгледување.

Нацртот на програмата се објавува во гласилото на Собранието.

Член 33

Нацртот на програмата за работа го разгледуваат работните тела на Соборот.

Соборот го претресува нацртот на програмата за работа заедно со примените мислења и предлози.

Член 34

Врз основа на усвоениот нацрт на програмата за работа претседателот на Соборот со претседателите на работните тела на Соборот изготвува предлог на програмата за работа.

Предлогот на програмата за работа им се доставува на делегатите во Соборот и на органите и организациите од член 30 на овој деловник.

Член 35

Предлогот на програмата за работа на Соборот го разгледуваат работните тела на Соборот.

Работните тела на Соборот ги разгледуваат и мислењата и предлозите што не се внесени во предлогот на програмата за работа на Соборот и по нив на Соборот му даваат свои мислења и предлози.

Член 36

При претресувањето на предлогот на програмата за работа на Соборот, Соборот ги разгледува мислењата и предлозите на работните тела на Соборот.

Програмата за работа на Соборот се објавува во посебна публикација во издание на Библиотеката на Собранието.

Член 37

Работните тела на Соборот ги утврдуваат своите планови за работа врз основа на програмата и плановите за работа на Соборот.

## V. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ

Член 38

Соборот има претседател и потпретседател кои се избираат од редот на делегатите во Соборот за време од четири години.

Член 39

Претседателот на Соборот:

— ги подготвува и свикува седниците на Соборот и претседава на седниците;

— се грижи за организирање на работата на Соборот;

— ја усогласува работата на работните тела на Соборот;

— ја следи работата на работните тела на Соборот и со претседателите на телата се договара за прашањата во врска со работата на работните тела и на Соборот;

— предлага разгледување на прашања од делокруг на Соборот на седниците на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за извршување на заклучоците на Соборот и за тоа го известува Соборот;

— се грижи за усогласување на работата на Соборот со работата на другите собори на Собранието и со нивните претседатели се договара за начинот и роковите за разгледување на одделни прашања, а посебно за претресување на прашања за кои Соборот одлучува во рамноправен делокруг;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со Извршниот совет, републичките органи на управата и републичките организации;

— се грижи за остварување на соработката на Соборот со општествено-политичките и општествените организации и здруженијата, со општествено-политичките собори на собранијата на општините, со самоуправните организации и заедници како и со други заинтересирани органи и организации;

— се грижи за примена на одредбите на овој деловник и на Деловникот на Собранието;

— се грижи за остварување на правата на делегатите во Собранието;

— се грижи за спроведување на начелото на јавност во работата на Соборот и неговите работни тела;

— ги потпишува актите што ги донесува Соборот самостојно и ги сопотпишува сите други акти во чие донесување учествува Соборот, освен указите за прогласување на законите;

— врши други работи утврдени со овој деловник и со Деловникот на Собранието, како и работи што ќе му ги довери Соборот.

Член 40

Претседателот на Соборот, во случај на негова отсутност или спреченост, го заменува потпретседателот на Соборот.

Член 41

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето на седниците на Соборот, го организира вршењето на стручните и административно-техничките работи за потребите на Соборот и неговите работни тела и врши други работи што ќе му ги довери Соборот или претседателот на Соборот.

Член 42

За својата работа и работата на службата на Соборот секретарот на Соборот му одговара на Соборот.

## VI. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБОРОТ

### 1. Заеднички одредби

Член 43

Соборот образува одбори и комисии и други постојани и повремени работни тела (работни тела) за разгледување предлози за донесување на закони, нацрти и предлози на закони и други акти за проучување и претресување на други прашања, за подготвување и предлагање акти и други мерки од делокругот на Соборот.

Член 44

Постојаните работни тела се формираат со овој деловник, а можат да се формираат и со посебна одлука на Соборот.

Повремените работни тела се формираат со посебна одлука на Соборот.

Со одлуката за формирање на работните тела се определува и делокругот, овластувањата и составот.

Член 45

Претседателот и членовите на постојаните работни тела на Соборот се избираат од редот на делегатите во Соборот.

Заради проучување на определено прашање што не спаѓа во делокруг на некое од работните тела на Соборот, како и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба, Соборот може да формира повремени работни тела.

Повременото работно тело престанува да постои по извршувањето на задачата за која било формирано или кога за тоа ќе одлучи Соборот.

Член 46

Работните тела, во рамките на својот делокруг, можат на Соборот да му предлагаат укинување или поништување на прописи и други акти на Извршниот совет што се во спротивност со Уставот, закон, друг пропис или општ акт на Собранието.

Член 47

Прашањата од својот делокруг работните тела ги разгледуваат по сопствена иницијатива, а се должни да го разгледаат секое прашање од својот делокруг за кое ќе заклучи Соборот или тоа ќе го побара претседателот на Собранието или претседателот на Соборот.

Член 48

Работните тела заклучуваат кои од прашањата што ги разгледувале по сопствена иницијатива ќе ги предложат за дневен ред на седницата на Соборот.

Ако работното тело заклучи одредено прашање да се разгледа на седница на Соборот, на претседателот на Соборот му се доставува материјал со извештај по тоа прашање.

Член 49

Работните тела на Соборот, во рамките на својот делокруг, можат да вршат анкети и за таа цел од државните органи и од организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници можат да бараат потребни податоци, списи и други исправи.

Член 50

Поканата за седницата со предлогот на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата претседателот на работното тело, по правило, им ги доставува на членовите на работното тело најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата.

По исклучок од претходниот став, претседателот може да свика седница во покус рок од десет дена, а дневниот ред за таквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 51

Претседателот на работното тело во рокот од претходниот член за свиканата седница ги известува претседателот на Соборот, Извршниот совет и претставникот на предлагачот за одделните прашања и предлози што работното тело ќе ги претресува.

Член 52

Записниците и извештаите од седниците на работното тело ги потпишува претседателот на работното тело.

Член 53

Иницијатива за внесување одделни прашања во дневен ред на седницата на работното тело можат да дадат работните тела на Собранието, на

Соборот и на другите собори, републичките органи на управа и републичките организации, општествено-политичките организации и други организации.

Член 54

За прашањата по кои претресот завршува во работното тело, претресот може да заврши со прост премин на дневен ред или со донесување заклучок.

Член 55

Работното тело може да му предложи на Соборот да го одложи претресувањето на одделно прашање што телото го разгледувало.

**2. Постојани работни тела**

Член 56

Соборот ги има следните одбори:
1. Одбор за општествено-политички систем;
2. Одбор за општествено-економски односи;
3. Одбор за народна одбрана;
4. Одбор за внатрешна политика.

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Член 57

Одборот за општествено-политички систем ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— системот на социјалистичките самоуправни односи;

— општествено-политичкиот систем;

— слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот;

— остварувањето на уставната положба и рамноправноста на народностите како и на припадниците на етничките групи;

— правосудството;

— менувањето на границите на Републиката;

— празниците и одликувањата на Социјалистичка Република Македонија;

— референдумот;

— изборот и отповикувањето на делегациите и делегатите и изборниот систем во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници;

— боречката заштита;

— статутите на самоуправните интересни заедници и статутите и другите општи акти на организациите на здружениот труд;

— организацијата и работата на републичките органи на управата и републичките организации;

— химната;

— образувањето и укинувањето на општините и утврдувањето и менувањето на нивните подрачја;

— заверката на потписи, ракописи и преписи;

— привремените мерки спрема организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници.

Член 58

Одборот за општествено-економски односи ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— републичкиот општествен план;

— побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта;

— регионалниот развој на Републиката;

— републичкиот буџет;

— завршната сметка за извршување на буџетот;

— системот на финансирање на општините и на Републиката;

— финансиските планови и завршните сметки на републичките фондови;

— сопственичко-правните и другите имотно-правни односи.

Член 59

Одборот за народна одбрана ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— народната одбрана;

— територијалната одбрана;

— цивилната заштита.

Член 60

Одборот за внатрешна политика ги разгледува, проучува и претресува прашањата што се однесуваат на:

— заштитата на поредокот утврден со уставот и на јавната безбедност;

— општествената самозаштита;

— републичкото државјанство;

— употребата на знамињата;

— амнестијата;

— бракот, семејството и старателството;

— наследувањето;

— здруженијата на граѓаните, јавните собири и јавните приредби;

— матичните книги, личните имиња и личните карти;

— прогласувањето на исчезнати лица за умрени и за докажувањето на смртта;

— безбедноста на патниот, железничкиот и езерскиот сообраќај;

— заштитата од пожари и од елементарни непогоди;

— набавувањето, поседувањето, носењето, испробувањето и обележувањето на оружје и муниција;

— игрите на среќа.

Член 61

Мандатно-имунитетната комисија: ги испитува и разгледува уверенијата за изборот на делегатите и извештајот на Републичката изборна комисија за резултатите од повторните и дополнителните избори и му поднесува на Соборот извештај со предлог за верификација на мандатите; расправа за основите за престанок на мандатот на одделни делегати во Соборот и за тоа му поднесува на Соборот извештај; ги претресува сите други прашања во врска со мандатно-имунитетните права на делегатите во согласност со Деловникот на Собранието и овој деловник.

## VII. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

**1. Подготвување и свикување на седниците**

Член 62

Соборот работи и прашањата од својот делокруг ги претресува на седници.

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот е должен да свика седница на Соборот: по предлог од претседателот на Собранието, по барање од работно тело на Соборот или по барање од десет делегати во Соборот и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седница на Соборот можат да свикаат десет делегати во Соборот или претседателот на Собранието.

Свикување на седница на Соборот може да му предложи на Соборот и Извршниот совет на која ќе го изложи својот став по определено прашање.

Член 63

Предлогот на дневниот ред за седница на Соборот го подготвува претседателот на Соборот, во договор со претседателите на работните тела. Секој член на Соборот, работните тела на Соборот и Извршниот совет можат на Соборот да му предлагаат одделно прашање да се внесе во предлогот на дневниот ред за седницата на Соборот.

Предлогот за внесување на одделно прашање во дневниот ред пред седницата на Соборот се поднесува писмено, а на седницата на Соборот може и усно.

Член 64

Иницијатива за ставање одделно прашање на дневен ред на седницата на Соборот може да потекне од делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, републичките органи на управата, собранијата на општините, општествено-политичките организации, работните и други самоуправни организации и заедници и здруженија.

Член 65

Поканата за седницата на Соборот им се доставува на сите делегати во Соборот најдоцна дваесет дена пред денот определен за одржување на седницата. Со поканата се доставува и предлогот на дневниот ред.

По исклучок, претседателот на Соборот може да свика седница и во пократок рок од дваесет дена, а дневниот ред за ваква седница може да го предложи и на самата седница.

Ако Соборот на седница го утврди денот на одржувањето на наредната седница, рокот и начинот на доставувањето на поканата се утврдува на таа седница.

Член 66

Материјалите по прашањата што се предлагаат за дневен ред на седницата на Соборот им се доставуваат на делегатите во Соборот најдоцна триесет дена пред денот на одржувањето на седницата на Соборот.

Член 67

Поканата за седница на Соборот со предлогот на дневниот ред и материјалите за седницата на Соборот се доставуваат на Извршниот совет и на другите заинтересирани органи и организации.

Член 68

Прашањата што се претресуваат на седници на Соборот, претходно се претресуваат на седници на работните тела на Соборот односно на Собранието.

## 2. Отворање на седницата и утврдување на дневниот ред

Член 69

По отворањето на седницата претседателот на Соборот проверува дали има потребно мнозинство на делегати за одржување на седницата.

Претседателот на Соборот води сметка за потребното мнозинство и во текот на седницата.

Делегатот во Соборот во текот на седницата може да побара да се утврди дали постои мнозинство за одржување на седницата.

Ако претседателот утврди дека не постои потребното мнозинство, седницата се прекинува, односно се одлага.

Член 70

По отворањето на седницата се утврдува дали има забелешки на записникот од претходната седница.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако нема забелешки, записникот се усвојува.

Ако има забелешки и тие се прифатени, записникот се усвојува заедно со ставените забелешки.

Член 71

Откако ќе ја отвори седницата на Соборот, претседателот ги дава потребните објаснувања во врска со работата на седницата и со други претходни прашања.

Претседателот го известува Соборот и за тоа кој е повикан на седницата на Соборот и кои делегати го известиле дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Член 72

Пред преминувањето на дневниот ред, делегатите во Соборот можат да поставуваат делегатски прашања и да бараат објаснувања и известувања согласно одредбите на Деловникот на Собранието.

Прашањето на делегатот на кое не е даден одговор на седницата се упатува до Извршниот совет односно функционерот кој раководи со републичкиот орган на управата.

Соборот може да определи и друго време на седницата за поставување прашања на делегатите и за барање објаснувања и известувања.

Член 73

Соборот го утврдува дневниот ред во почетокот на седницата по предлог од претседателот на Соборот.

Во предлогот на дневниот ред на седницата, по правило, претседателот на Соборот ги внесува прашањата што до денот на свикувањето на седницата му ги поднеле делегатите, функционерите или органите, кои според Уставот, Деловникот на Собранието и овој деловник се овластени да предлагаат определено прашање да се стави на дневен ред на седницата на Соборот.

Ако во предлогот на дневниот ред претседателот не го внел прашањето што го предложил овластен предлагач или орган, претседателот е должен на седницата да ги изнесе причините поради кои тоа не го сторил. Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 74

Работно тело на Соборот, делегат во Соборот и Извршниот совет можат и на седницата на Соборот да предложат да се стави на дневен ред определено прашање кое не трпи одлагање.

Подносителот на предлогот е должен на седницата на Соборот да ја образложи итноста на предлогот и да ги изнесе причините поради кои се бара тоа прашање да се внесе во дневниот ред на самата седница.

За оправданоста на внесувањето на предложеното прашање во дневниот ред на седницата одлучува Соборот без претрес.

## 3. Претседавање на седницата и учество во работата

Член 75

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Во случај на отсутност или спреченост го заменува потпретседателот.

Ако е спречен и потпретседателот, седницата ја отвора најстариот делегат во Соборот, потоа се избира делегат кој ќе претседава на седницата.

Член 76

Право и должност да учествуваат во работата на седницата имаат сите делегати во Соборот.

На седницата на Соборот можат да учествуваат, без право на одлучување: делегатите во другите собори на Собранието, членовите на Делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, делегатите во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, членовите на Претседателството на Републиката, членовите на Советот на Републиката, членовите на Извршниот совет и претставници на Извршниот совет, функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации, претставници на собранијата на општините, на општествено-политичките организации, на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, научни и други јавни и политички работници што се поканети на седницата да ги изнесат своите мислења по определени прашања.

Член 77

Во претресот по определено прашање на седницата на Соборот имаат право да учествуваат делегатите во друг собор, што ќе ги определи тој собор, и како негови претставници да го изнесат и образложат мислењето што го поднел другиот собор.

### 4. Тек на седницата

Член 78

По утврдувањето на дневниот ред, се преминува на претрес на одделни прашања, по правило, по редоследот на усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање од дневниот ред пред да се одлучува за него, освен во оние случаи кога со деловникот е определено да се одлучува без претрес.

Член 79

Претресот по секое прашање, по правило, започнува со изложување од предлагачот, а потоа може да земе збор известителот на работното тело.

Потоа збор добиваат делегатите и другите учесници што се пријавиле за збор.

Претрес се води сè додека има пријавено говорници.

Претресот го заклучува претседателот кога ќе утврди дека веќе нема пријавени говорници.

Член 80

Претседателот на Соборот може во тек на седницата да ја прекине работата на Соборот и да го одреди времето кога ќе се продолжи со работата.

Претседателот ја прекинува работата на Соборот поради: немање на мнозинство, изминато време, одмор на делегатите, потребата во меѓувреме од прекинот до продолжението на седницата да се извршат потребните консултации и да се соберат потребните мислења, како и во другите случаи кога тоа Соборот ќе го заклучи.

Член 81

Во текот на претресот или по завршувањето на претресот, Соборот може да го одложи од дневниот ред предлогот односно прашањето што се претресува и да го упати на работно тело на Собранието и на Соборот на разгледување.

Член 82

Извршниот совет и друг предлагач на закон, можат да предложат до завршувањето на претресот, Соборот да го одложи претресот на предлогот на закон.

### 5. Говори

Член 83

Пријавите за збор се поднесуваат писмено или усно штом ќе се отвори претресот, а можат да се поднесуваат и до завршувањето на претресот.

Никој не може да зборува на седница пред да добие збор од претседателот на Соборот.

Член 84

Претседателот на Соборот им дава збор на пријавените говорници според редот на пријавувањето за збор.

Делегатот во Соборот кој сака да зборува за повреда на деловникот или за повреда на дневниот ред, добива збор штом ќе побара, а неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Во случај од претходниот став претседателот е должен да даде објаснение за повредата на деловникот, односно утврдениот дневен ред. Ако делегатот во Соборот не биде задоволен од даденото објаснение, за тоа прашање одлучува Соборот без претрес.

Член 85

Говорникот, по правило, говори од говорница.

Член 86

Претседателот се грижи говорникот да не биде прекинуван во својот говор и само тој може да го опомене или да го прекине во говорот.

Член 87

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот ќе го повика да се придржува за прашањето од дневниот ред.

Ако говорникот и по предупредувањето не се придржува за прашањето од дневниот ред, претседателот ќе му го одземе зборот.

Член 88

Пријавениот говорник може да се откаже од говорот.

Говорникот што ќе се откаже од говорот може да го приложи говорот кон стенографските белешки.

### 6. Одржување на редот

Член 89

За повреда на редот на седницата може да се изречат следните мерки: опомена и одземање на збор.

Мерките од претходниот став ги изречува претседателот на Соборот.

Член 90

Опомена ќе му се изрече на делегатот кој со своето поведение со земање збор кога претседателот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник, или со слична постапка го нарушува редот на седницата и одредбите на овој деловник.

Одземање на збор ќе се примени на делегат кој со својот говор на седницата го повредува редот, а на истата седница два пати е повикан да се придржува за редот и одредбите на деловникот.

Изречените мерки се внесуваат во записникот од седницата.

Член 91

Претседателот ќе нареди да се отстрани од салата во која се одржува седницата граѓанинот што го нарушува редот. Ако редот е нарушен во поголема мерка, претседателот може да нареди да се отстранат сите граѓани од салата.

Член 92

Ако претседателот не може со редовни мерки да го одржи редот на седницата, ќе ја прекине седницата.

Член 93

Сите лица што по службена должност се наоѓаат во салата за време на седницата се должни да ги извршуваат налозите на претседателот во поглед на одржувањето на редот.

### 7. Одлучување

Член 94

Соборот одлучува на седници со гласање.

Член 95

Соборот одлучува откако ќе заврши претресот.

Член 96

За одлучување на седницата е потребно присуство на мнозинството делегати во Соборот.

Ако претседателот смета дека на седницата не присуствуваат доволен број делегати во Соборот, ќе нареди прозивање.

Прозивањето се врши и ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку пет делегати.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 97

Претресот по прашањето што е на дневен ред на седницата на Соборот може да заврши:

— со прост премин на дневен ред,
— со донесување на заклучок, или
— со донесување на акт.

Член 98

Ако по прашањето што се претресува се предлага Соборот да донесе декларација, резолуција, препорака или заклучок, а не е предложен текстот на декларацијата, резолуцијата, препораката односно заклучокот, Соборот може и пред претресот и во текот на претресот да одлучи да избере комисија, која врз основа на материјалот и претресот ќе му поднесе на Соборот предлог на декларација, резолуција, препорака односно заклучок.

Член 99

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството на присутните делегати, освен ако со Уставот е предвидено одлука да се донесува со посебно мнозинство.

Секој делегат во Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас.

Образложението не може да трае подолго од пет минути.

Член 100

Гласањето, по правило, е јавно.

Со тајно гласање може да се врши избор, именување и разрешување од делокруг на Соборот, ако Соборот одлучи така.

Предлог за тајно гласање може да поднесе претседателот на Соборот и секој делегат чиј предлог го поддржуваат најмалку десет делегати.

Член 101

Тајното гласање се врши според посебните одредби за избори, именувања и разрешувања утврдени со овој деловник.

Член 102

Делегатите во Соборот гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за" или „против" предлогот, или се „воздржуваат" од гласањето.

Член 103

Јавно гласање се врши со кревање рака, или поимено.

Гласањето со кревање рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува делегатите да се изјаснат кој е „за", а кој е „против" предлогот, и дали некој „се воздржува" од гласањето.

Член 104

Претседателот определува поименично гласање кога смета дека е потребно тоа заради точно утврдување на резултатот од гласањето или ако тоа го побара еден делегат кого го поддржуваат најмалку десет делегати во Соборот.

Поименично гласање се врши со прозивање на делегатите во Соборот кои при прозивањето гласаат со изјаснување „за" или „против", или „се воздржуваат" од гласањето.

Кога ќе заврши прозивањето, повторно ќе се изврши прозивање на делегатите за кои во списокот не е одбележано дека гласале.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 105

По завршеното гласање претседателот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на тој резултат објавува дали предлогот е примен или одбиен.

**8. Заклучување на седницата**

Член 106

По исцрпувањето на дневниот ред претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

**9. Записници и стенографски белешки**

Член 107

За работата на седницата на Соборот се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, особено за предлозите изнесени на седницата и за заклучоците донесени на седницата, како и резултатите од гласањето по одделни прашања.

За составување на записникот и за чување на оригиналите на записниците се грижи секретарот на Соборот.

Член 108

Записникот им се испраќа на сите делегати по составувањето, а најдоцна петнаесет дена пред денот определен за одржување на наредната седница на Соборот.

Член 109

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на Соборот.

Член 110

На седницата на Соборот се водат стенографски белешки.

Составен дел на стенографските белешки се и неодржаните говори што на седницата во текот на претресот писмено се приложени со ознака дека говорот не е одржан на седницата.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на делегатите по нивно барање.

Секој делегат има право да побара во стенографските белешки да се извршат исправки во неговото излагање, но без внесување на битни измени во текстот и без изоставање на искажани мисли.

За остварувањето на ова право на делегатите се грижи секретарот на Соборот.

Ако се појави спор за основаноста на барањето да се изврши исправка во стенографските белешки, за барањето се одлучува на седницата без претрес.

Член 111

Стенографските белешки за работата на Соборот се чуваат во Библиотеката на Собранието и им се достапни на делегатите.

## VIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОРИ, ИМЕНУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

**1. Избор на претседател и потпретседател на Соборот**

Член 112

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог на кандидатура може да поднесе и група од најмалку десет делегати во Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот пред почетокот на седницата на која ќе се избира нов претседател на Соборот.

Претставникот на подносителот на кандидатурата има право на седницата на Соборот да го образложи предлогот на кандидатурата.

Член 113

За претседател на Соборот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од сите делегати во Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува за истите кандидати.

Пред повторното гласање предлагачите можат да ги повлечат своите поранешни предлози, а може да се поднесуваат и нови предлози.

Член 114

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по иста постапка како и изборот на претседател на Соборот.

**2. Избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот**

Член 115

Предлог за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлог може да поднесе и група од десет делегати во Соборот.

Предлог за избор на претседател и членови на повремени работни тела може да поднесе и претседателот на Соборот.

Член 116

Предлозите се поднесуваат во вид на кандидатски листи.

Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што според одлуката на Соборот се избираат членови на одделно работно тело.

На седницата на Соборот за поднесените кандидатски листи се гласа во целина, по оној ред по кој тие се предложени.

Член 117

Претседателот и членовите на работното тело се избрани од онаа кандидатска листа што добила мнозинство на гласови од присутните делегати во Соборот.

Член 118

Изборот на одделен член на работно тело се врши по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**3. Именувања**

Член 119

Предлози за именување на членови на органите на управување на организациите на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници определени со закон или со друг акт на Собранието, поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Предлозите од претходниот став се доставуваат преку претседателот на Собранието.

Член 120

Именувањето од претходниот член е извршено ако Соборот на здружениот труд донел идентична одлука за именување.

Член 121

Секретарот на Соборот се именува од Соборот по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

**4. Разрешување**

Член 122

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на постапката за избори и именувања сходно се применуваат и во постапката за разрешување.

**5. Постапка за тајно гласање**

Член 123

Со спроведувањето на изборите со тајно гласање раководи претседателот на Соборот на кого му помагаат секретарот на Соборот и двајца делегати што се избираат на седницата.

Член 124

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачкото ливче ги содржи имињата на сите предложени кандидати со реден број и по оној ред по кој се поднесени предлозите.

Гласачките ливчиња мора да бидат со еднаква големина, со иста боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печатот на Собранието.

Секој делегат во Соборот добива едно гласачко ливче.

Претседателот на Соборот, по поделбата на гласачките ливчиња, го одредува потребното време за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 125

Делегатот во Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кого гласа.

Делегатот може да гласа само за еден кандидат, односно за една кандидатска листа.

Пополнетото гласачко ливче членот на Соборот го става во гласачката кутија.

Член 126

По завршувањето на гласањето се врши преглед и пребројување на гласачките ливчиња заради утврдување на резултатот од гласањето.

Член 127

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно делегати гласале, колку од тоа гласале за одделни кандидати и колку има неважечки ливчиња.

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 128

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник, престануваат да важат:

— Одлуката за начинот на работа на општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", број 22/74),

— Одлуката за образување на постојани одбори и комисии на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 22/74), и

— Одлуката за формирање и состав на Комисијата за програмирање работата на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 31/74).

Член 129

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 18-3099
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот
собор,
**Гога Николовски,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**336.**

Врз основа на член 63 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење, член 81 од Статутот на Стопанската банка — Филијала Скопје и член 2 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за поблиските услови и начинот на давањето на кредитите за изградба на продажен простор на производните организации во подрачјата надвор од Републиката, Стопанската банка — Филијала Скопје (бивша Комерцијално-инвестициона банка — Скопје) објавува измени и дополнувања на

**КОНКУРСОТ**

за поблиските услови и за начинот на одобрување кредити за изградба на продажен простор на производните организации во подрачјата надвор од Републиката, објавен во „Службен весник на СР Македонија" број 26/72

1. Во точката I се додава нов став кој гласи:

„Од средствата од претходниот став, Филијалата ќе одобрува кредити на производни и прометни организации на здружен труд и за изградба на продажен простор во стопански недоволно развиените краишта во СР Македонија".

2. Во целиот конкурс зборовите „Комерцијално-инвестициона банка — Скопје" и „Банката" се заменуваат со зборовите „Стопанска банка — Филијала Скопје" и „Филијалата".

3. Останатите услови по конкурсот остануваат непроменети.

Стопанска банка — филијала Скопје

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Окружниот суд во Скопје објавува дека при овој суд е заведен спор за развод на брак од тужителот Живко Петровски од Скопје, ул. „Александар Турунџев“ бр. 9-б, против тужената Џорџија Петровска, порано од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Џорџија Петровска, во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на огласот, да се јави во овој суд, или ја достави својата адреса. Во спротивно, судот ќе и́ постави старател кој ќе ја застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1956/75. (156)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за утврдување на татковство по тужбата на тужителката Чанкулова Илинка од Скопје ул. „Сава Михајлова“ зграда 34, влез 1, стан 2, населба Синѓелиќ, против тужениот Николов Симеон од село Црноштица — ЗП Долна Љубата — Босилград, сега на работа во Западна Германија со непозната адреса.

Се повикува тужениот Николов Симеон да се јави во судот или да ја соопшти својата точна адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му биде одреден старател во смисла на чл. 77 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2138/74. (158)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Димитар Смилковски од Скопје, населба Козле, ул. „Струшка“ бр. 6-а, против тужената Радмила Смилковска, родена на 10. VIII. 1948 година во Скопје, од татко Властимир Станојковиќ и мајка Славка, сега на работа во Шведска со непозната адреса.

Се повикува тужената Радмила Смилковска во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ лично да се јави на судот или да ја соопшти својата адреса. Во спротивно ќе и́ се одреди привремен старател кој ќе ја застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1492/1975 година. (159)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителката Авдиовска Славјанка од Скопје, со стан на ул. „801“ бр. 16, против тужениот Таир Авдиовски од село Белимбегово, сега со непознато место на живеење.

Се задолжува тужениот Таир Авдиовски во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето, да се јави лично во судот или да ја достави својата сегашна адреса. Во спротивно ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува интересите во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2185 од 4. XI. 1975 год. (161)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води граѓанска постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Нејазие Салиу, родена Сејфули, од Гостивар, ул. „Тоде Богдановски“ бр. 65, против тужениот Фета Салиу од село Мало Турчане, Гостиварско, сега на привремена работа во Австрија, со непозната адреса, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужениот Фета Салиу од село Мало Турчане, Гостиварско, сега на привремена работа во Австрија со непозната адреса, да се јави во судот лично или писмено во рок од 30 дена. Во спротивно ќе му се постави привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1700 од 19. XI. 1975 година. (164)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ѓурѓана Матевска од Тетово, против тужениот Коста Матевски, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Коста Матевски да се јави во овој суд или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно ќе му се одреди старател кој ќе го застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 3413/72. (163)

---

При Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителката Димовска Ленка од Струмица, населба „Кожара“ бб, против тужениот Димовски Арсо, од татко Трајко од село Ораше, Титоввелешко, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Димовски Арсо да се јави во судот или да ја соопшти својата сегашна адреса во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок, во колку тужениот не се јави, ќе му биде определен привремен старател, кој ќе го застапува во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2177/75. (165)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Нада Костова од Битола, ул. „Охрид“ бр. 148 поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Костовски Миле од Битола, сега во Канада, со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Миле е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 610/75.

---

Милошевски Владимир од село Избишта, Ресенско, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Милошевска (Стојнова) Зорка од село Избишта, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужената Зорка е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно ќе и́ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 618/75. (160)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Риска Митрова од село Чешиново поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Санде Митров од село Мустафино, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го одредува за застапник Илиев Боге, стручен соработник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 370/75 (166)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Загубеното свидетелство за завршено IV-то одделение основно училиште, во учебната 1943/44 година, издадено од Основното училиште „Скендер Беу“ — Тетово, на име Мурсели Ејупа Илми од Тетово, ул. „Мирче Ацев“ бр. 5, се огласува за неважно.

Од Општинскиот суд во Тетово, на ден 29. IX. 1975 год. под Р. бр. 615/75. (162)

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 612, страна 511, книга II е запишана под фирма: „Наше дете" — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје — Деловна единица — Продавница број 24 во Ѓаковица, ул. „Маршал Тито" бр. 414. Предмет на работењето на продавницата е вршење на трговска дејност — продажба на детска конфекција.

Продавницата е основана од „Наше дете" — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје со одлуката на работничкиот совет број 02-342/3 од 14. II. 1973 година.

Раководител на продавницата е Гојани Кимета.

Деловната единица — продавница во Ѓаковица, ул. „Маршал Тито" бр. 414, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Ок Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1073/73 од 12. II. 1974 година. (94)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 195, страна 489, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Напредок" — село Кадино, Скопско — Деловна единица — продавница, без својство на правно лице, во село Трубарево, Скопско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени стоки.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Напредок" — село Кадино, Скопско, со одлуката на задружниот совет, број 16 од 25. V. 1973 година.

Раководител на продавницата е Пејковски Ристо.

Деловната единица — продавница, без својство на правно лице во село Трубарево, Скопско ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 967/73 од 11. II. 1974 година. (92)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 195, страна 489, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Напредок", село Кадино, Скопско — Деловна единица — продавница во село Оморани, Титовврелешко, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со колонијални стоки.

Продавницата е основана од Земјоделско-пчеларската задруга „Напредок" — село Кадино, со одлуката на задружниот совет број 1 од 20. VIII. 1973 година од одржаната седница на 28. IV. 1973 година.

Раководител на продавницата е Петковски Борис Томе.

Деловната единица — продавница во село Оморани, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 968/73 од 11. II. 1974 година. (93)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 612, страна 330, книга VIII е запишана под фирма: „Наше дете" — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје — Деловна единица — продавница, без својство на правно лице во Урошевац, ул. „Маршал Тито" бр. 51. Предмет на работењето на продавницата е промет со конфекција на мало.

Продавницата е основана од „Наше дете" — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје, со одлуката на работничкиот совет број 0303-1399/1 од 23. XI. 1970 година.

Раководител на продавницата е Чемерикиќ Славица.

Деловната единица — продавница, без својство на правно лице во Урошевац ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1074/73 од 12. II. 1974 година. (95)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1329, страна 213, книга VI е запишано следното: Дејноста на Градскиот трговски центар — Скопје, согласно одлуката на деловниот одбор на Градскиот трговски центар — Скопје број 1205 од 27. XI. 1972 година во иднина се проширува и со паркинг плац, хемиско чистење и перење.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 997/73 од 11. II. 1974 година. (96)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 732, страна 191, книга III е запишано следното: На досегашниот раководител на ЕИ — Електронска индустрија — Ниш — Продажно-сервисна служба — Трговско претставништво — Скопје, Михајловски Александар, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на Извршниот одбор бр. 6700/48-5/а од 29. VI. 1971 година.

За в. д. директор на ЕИ — Електронска индустрија — Ниш — Продажно-сервисна служба — Трговско претставништво — Скопје е назначен Михајловски Михајло со решението број 897 од 1. II. 1972 година, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 611/73 од 15. II. 1974 година. (97)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 952, страна 563, книга IV е запишано следното: На досегашните потписници на „Конзерваекспорт" — прехранбена индустрија — Скопје и тоа: Киро Михајловски, директор и Светислав Мирчев, шеф на сметководството, со одлуката на работничкиот совет број 9 од 28. XII. 1973 година им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на „Конзерваекспорт" — прехранбена индустрија — Скопје се назначени следните лица: инженер Драгиша Панов, директор, Вељо Ристовски, шеф на сметководството, и Никола Гогов.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1557/73 од 14. II. 1974 година. (98)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1575, страна 332, книга VII е запишано следното: Покрај досегашниот потписник Петровски Трајко, в. д. директор на Љубљанската банка — Филијала во Скопје, Филијалата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, и Филипова Грозда, шеф на сметководството и Георгиевски Драган, кредитен референт, согласно со одлуката број 06-263 од 15. II. 1974 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 300 од 20. II. 1974 година. (99)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 174, страна 657, книга II е запишано под фирма: „Југохром" — хемиско-електро-металуршки комбинат — село Јегуновце — ООЗТ Трговска мрежа — Деловна единица — складиште број 2, без својство на правно лице во Тетово. Предмет на работењето на стовариштето е продажба на градежен материјал.

Складиштето е основано со одлуката на Собирот на работните луѓе на „Југохром" — хемиско-електрометалуршки комбинат, село Јегуновце, број 07-3349/1 од 3. IX. 1973 година од одржаната седница на 24. V. 1973 год.

Раководител на стовариштето е Елези Рушит.

Деловната единица — складиште број 2, без својство на правно лице во Тетово ќе го потпишува, задолжува и раздолжува комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1181/73 од 12. II. 1974 година. (101)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 131, страна 39, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Козјак" — село Рожден — Деловна единица продавница број 2 во Кавадарци, ул. „Даме Груев" број 15, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е мешана колонијална стока.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Козјак" — село Рожден со одлуката на Советот на работната заедница бр. 019/3 од 12. II. 1974 година од одржаната седница на 10. XII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Бојковска Таска.

Деловната единица — Продавница број 2, без својство на правно лице во Кавадарци, ул. „Даме Груев" број 15, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 275 од 22. II. 1974 година. (102)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 131, страна 39, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Козјак" — село Рожден — Деловна единица — Продавница број 1 во село Рожден, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со мешана колонијална стока.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Козјак" — село Рожден, со одлуката на советот на работната заедница бр. 015/3 од 12. II. 1974 година од одржаната седница на 10. XII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Танасов Миле.

Деловната единица — продавница број 1 во село Рожден, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. Фи. бр. 276/73 од 22. II. 1974 година. (103)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 670, страна 246, книга VII е запишано под фирма: „Агромеханика" — претпријатие за снабдување на земјоделието на големо и мало и одржување на земјоделска механизација — Скопје — Деловна единица — Стовариште, без својство на правно лице во Битола, ул. „Карловачка" број 8. Предмет на работењето на стовариштето е промет со резервни делови и потрошен материјал за трактори, земјоделски машини, патнички и товарни возила, како и продажба на земјоделска механизација.

Стовариштето е основано од „Агромеханика" — претпријатие за снабдување на земјоделието на големо и мало и одржување на земјоделска механизација — Скопје, со одлуката на работничкиот совет број 140.

Деловната единица — стовариште во Битола, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, Тноковски Крсте, раководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1365/73 од 21. II. 1974 година. (105)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 195, страна 433, книга II е запишано следното: На место досегашните членови на Одборот на привремената управа на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак" — Крива Паланка и тоа: Ѓоко Вуковиќ и Борис Митровски со одлуката на Собранието на општината Крива Паланка, број 02-912/1 од 13. III. 1973 година, решението на Собранието на општината Крива Паланка, бр. 02-4178/1 од 23. XI. 1973 година и одлуката бр. 02-912/2 од 4. V. 1973 година се назначени следните лица: Цоне Стојановски, претседател, Ѓорѓи Мираковски и Спирко Стојчевски.

Му престанува правото за потпишување на Митровски Стефан Борис, досегашен потписник на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак" — Крива Паланка под привремена управа.

Потписници во иднина остануваат старите регистрирани и тоа: Цоне Стојановски, претседател и Стеван Илиевски, шеф на сметководството.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 2030/73 од 27. II. 1974 година. (106)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 440, страна 334, книга VIII е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Претставништвото во Нови Сад, ул. „Шумадијска" број 2, на Трговската агенција „Прогрес" — Скопје, согласно со одлуката на работната заедница од одржаната седница на 26. VI. 1973 година на „Интерпрогрес" — работна организација за промет на големо и мало, услуги во прометот со стоки и застапување на странски фирми — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1380/73 од 25. II. 1974 година. (109)

---

## СОДРЖИНА

Страна

450. Деловник на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 761

451. Деловник на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 771

452. Деловник на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 779

**Општи акти на самоуправните организации**

336. Измени и дополнувања на конкурсот за поблиските услови и за начинот на одобрување кредити за изградба на продажен простор на производните организации во подрачјата надвор од Републиката, објавен во „Службен весник на СР Македонија" број 26/72 — — — — — — 788

Во издание на СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ излегоа од печат збирката

## П Р Е К Р Ш О Ц И

со објаснувања

Збирката ја приготвиле: Миле Крцковски и м-р Ванчо Проевски.

Збирката ги содржи Законот за прекршоци, објаснувањата на материјалните и процесните одредби за прекршоци, Законот за органите за водење на постапката за прекршоци, Деловник на органите за водење на прекршочната постапка со обрасци, Правилник за трошоци и обрасци, републички и сојузни прописи што содржат посебни прописи за прекршоци и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и регистар на поими.

Целта на збирката е да ја олесни примената на законите и другите прописи што се однесуваат или имаат врска со прекршоците, а остварувањето на оваа цел е едновремено интерес и потреба како на оние што ги применуваат прописите така и на оние на кои тие се однесуваат.

Збирката корисно ќе им послужи на собранијата на општините и нивните органи на управата, правосудните установи, работните организации, адвокатите и граѓаните.

Збирката има 650 страници во двобојна корица.

Цената е 120 динари.

## ЗБИРКА НА ЗАКОНИ
### ОД СТАНБЕНАТА ОБЛАСТ

Збирката содржи: Закон за станбените односи, Закон за деловните згради и деловните простории, Закон за сопственост на делови од згради, Закон за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост, Закон за промет со земјишта и згради, Закон за самоуправните интересни заедници на станувањето.

Цената е 30 динари.

Во едицијата „Збирка на прописи“ се наоѓаат во печат

## ЗБИРКА НА ОДЛУКИ
### НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Збирката ги содржи, покрај предговор, сите одлуки од судската практика на Врховниот суд на Македонија за десеттогодишен период заклучно со 1974 година.

Материјата е систематизирана по области во три дела:
— одлуки од судската практика по кривично право,
— одлуки од судската практика по граѓанско право,
— одлуки од судската практика по управно право.

Кон збирката е даден и регистар на поими.

Цената е 150 динари.

## ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

со објаснувања и судска практика
и со регистар на поимите

Во збирката покрај републичкиот Закон се објавени и делови од сојузниот Закон за наследувањето што се во важност.

Во продажба имаме, во ограничен број примероци, од следните изданија:

УСТАВ НА СФРЈ и

УСТАВ НА СРМ

Во пластична корица.

Цена 70 динари.

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА** на Уставниот суд на Македонија.

Цена на збирката е 50 динари.

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ** за изборниот систем во организациите на здружениот труд (избор на работнички совети, други органи на управување и директори) со објаснувања и обрасци.

Цена на збирката е 45 динари.

**ОПШТЕСТВЕН ПЛАН** за развојот на Социјалистичка Република Македонија од 1971—1975 година. Во збирката се објавени и Основните пропорции за развојот на СРМ од 1971 до 1975 година.

Цена на збирката е 20 динари.

Порачки прима Претплатната служба на Службен весник на СРМ, 91000 Скопје, пошт. фах 51. Уплатите се вршат на жиро сметка 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство — Скопје.

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје